**<u>УНИВЕРЗИТЕТ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП</u>**

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ**

**КОЧАНИ**

**Сашко Костов**

# ЕФИКАСНОСТ НА ДРЖАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

**Штип, Април 2011**

**Комисија за оценка и одбрана**

**Ментор:** **Стеван Алексоски**
Професор Д-р, Правен факултет - Кочани

**Претседател:** **Војо Беловски**
Професор Д-р, Правен факултет - Кочани

**Член:** **Трајче Витанов**
Наслов.доц. Д-р, Правен факултет - Кочани

**Датум на одбрана:**

**Датум на промоција:**

*Трудот*

*го*

*посветувам*

*на*

*мојата*

*ќерка*

*Елена*

*Костова*

## Ефикасност на Државното правобранителство

### Краток извадок

Постоењето на ефикасен систем на заштита на имотните права и интереси на државата и нејзините органи е невозможно без постоење на државен орган кој ќе ги штити тие права и интереси пред судовите и другите државни органи и пред странските и меѓународните судови. Ваков државен орган денес постои како самостоен орган или како орган во состав на одредено министерство во поголем број земји и е познат под името државно или јавно правобранителство.

Правобранителството настанало како резултат на развојот на граѓанско-правната функција на државата. Граѓанско-правната функција на државата настанала со создавањето на државната благајна, која низ историскиот развој на државите полека, но сигурно, се одвоила од благајната на царевите. Денес во современиот свет оваа благајна се именува со поимот Буџет.

Ефикасен државен орган чија основна надлежност е заштита на имотните права и интереси на државата и нејзините органи е неопходен за секоја земја бидејќи истиот обезбедува стабилност на буџетот на државата, а со тоа и нормално остварување на функциите на државата. Република Македонија како самостојна држава ја согледа потребата за постоење на овој државен орган, па во 1997 година донесе Закон за јавното правобранителство. Со овој закон се измени организационата поставеност и надлежноста на Јавното правобранителство.

Во овој труд се истражува ефикасноста на Државното правобранителство на Република Македонија за подрачјето Кочани во однос на ефикасноста на Државното правобранителство на Република Македонија од аспект на бројот на примените и решените предмети. Трудот содржи и тематски дел во кој, меѓу другото, е даден краток историски развој на органот, неговата организациона поставеност, надлежности, неговата соработка со државните органи и споредбата на поставеноста и надлежностите на Државното правобранителство на Република

Македонија со поставеноста и надлежностите со правобранителствата на балканските земји, и тоа: Хрватска, Србија и Словенија. Во заклучокот на трудот, меѓу другото, се дадени и предлози за она што треба во иднина да се преземе во Република Македонија за да се подобри ефикасноста на Државното правобранителство на Република Македонија.

**Клучни зборови**

Државен правобранител, застапување, надлежност, овластување, подрачје, државен орган, суд.

## Efficacy of the National Public attorney's office


### Short extract

The existence of an efficient system of protection of the property rights and interests of the country and its authorities is impossible without the existence of a state authority which will protect those rights and interests in front of the court and the other state authorities and in front of the foreign and international courts. Such a state authority exists today as an independent authority or as an organ component of a certain ministry in a larger number of countries and it is known under the name of national or public attorney's office.

The public attorney's office ccurred as a result of the development of the civic-legal function of the country. The civic-legal function of the country occurred with the formation of the national treasury, which has easily but surely separated from the treasury of the kings through the historical development. Today in the contemporary world this treasury is known under the name of Budget.

An efficient legal authority with a basic competence to protect the property rights and interests of the country and its authorities is necessary for each country because the same provides stability of the country budget, and with that a normal realization of the state functions. The Republic of Macedonia as an independent country, has foreseen the the need of an existence of this legal authority, so in the year of 1997 it has brought the Law of public attorney's office. With this law the organizational installation and the competency of the Public attorney's office.

In this work the efficacy of the Public attorney's office of the Republic of Macedonia is being researched for the area of Kocani versus the efficacy of the National attorney system of the Republic of Macedonia from the aspect of the number of the the accepted and solved subject. The work contains a theme part in which among the other a short historical development of the authority is given, its organizational installation, competency, its collaboration with the legal authorities and the comparison

of the installation and competencies of the Public attorney's office of the Republic of Macedonia and the installation and the competencies of the attorney's offices of the Balkan countries: Croatia, Serbia and Slovenia. In the conclusion of the work suggestions are given for what is to be done in future in the Republic of Macedonia for the efficacy of the Public attorney's office to be improved.

**Key words**

Public attorney, advocacy, competence, authorization, department, legal authority etc.

**С О Д Р Ж И Н А**


**1. ВОВЕД ...........................................................................................................12**

**2. ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ ......................................................................................14**

**3. ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО …………………………………………………......20**

**3.1. Основна цел ……………………………………………………...........20**

**3.2. Секундарна цел ………………………………………………….........20**

**3.3. Предмет на истражувањето ………………………………….........20**

**3.3.1. Временско одредување ………………………….............20**

**3.3.2. Просторно одредување ……………………………..........21**

**3.4. План за работа ..........…………………………………………………21**

**3.4.1. Термински план ………………………………………….......21**

**3.4.2. План за материјалните средства ……………………….22**

**3.4.3. План за техничките средства ………………………......22**

**3.5. Хипотези ……………………………………………………………………22**

**3.5.1. Главни хипотези ……………………………………………22**

**3.5.2. Нулта хипотеза ………………………………………….....23**

**3.6. Варијабила …………………………………………………………….....23**

**3.6.1. Независна варијабила ………………………………….....23**

**3.6.2. Зависна варијабила ………………………………………..24**

**4. МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЧКАТА РАБОТА ………………………….........24**

**5. ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ ………………………………………….........25**

**5.1. Постапка за именување на државен правобранител ……......26**

**5.2. Услови за именување на државен правобранител ………......27**

**5.3. Мандат на државниот правобранител …………………….......27**

**5.4. Одговорност на државниот правобранител …………………...28**

**5.5. Плата на државниот правобранител.......................................28**

**6. ДРЖАВНИ ПРАВОБРАНИТЕЛИ ………………………………………29**

**6.1. Постапка за именување на државни правобранители ………29**

**6.2. Услови за именување на државни правобранители .............30**

**6.3. Мандат на државните правобранители …………………………30**

**6.4. Одговорност на државните правобранители ………………….30**

**6.5. Плата на државните правобранители.......................................31**

**7. ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ ……….31**

**8. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ …………………………………....32**

**9. НАДЛЕЖНОСТИ ………………………………………………………….34**

**9.1. Парнични предмети ……………………………………………….35**

**9.1.1. Сопственост ………………………………………………….36**

**9.1.2. Штета …………………………………………………………..37**

**9.1.3. Поништување на договори ……………………………….38**

**9.1.4. Работни спорови …………………………………………....38**

**9.1.5. Побарувања ……………………………………………….39**

**9.2. Вонпарнични предмети ………………………………………………...39**

**9.3. Извршни предмети ………………………………………………………..41**

**9.4. Управни предмети …………………………………………………………43**

**9.5. Стечајни предмети …………………………………………………………46**

**9.6. Атхезиони предмети ………………………………………………………47**

**9.7. Превентивни предмети …………………………………………………...48**

**9.8. Правни мислења …………………………………………………………..49**

**9.9. Договори …………………………………………………………………...51**

**9.10. Организациони предмети ………………………………………….51**

**9.11. Предмети по претставки и поплаки ……………………………52**

**9.12. Предмети по јавни набавки ………………………………………52**

**9.13. Разно ………………………………………………………………………52**

**10. СОРАБОТКА СО ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ ………………………………..53**

**11. СПОРЕДБА СО БАЛКАНСКИТЕ ДРЖАВИ ………………………………...56**

**11.1. Државна адвокатура на Република Хрватска ………………...56**

**11.1.1. Внатрешна структура ……………………………………….58**

**11.1.2. Казнен оддел …………………………………………………..59**

**11.1.3. Граѓанско-управен оддел ……………………………......59**

**11.1.4. Стварна и месна надлежност …………………………..60**

**11.2. Јавно правобранителство на Република Србија ……………60**

**11.3. Државно правобранителство на Република Словенија …...64**

**11.3.1. Организација на Државното правобранителство ....66**

**12. РЕЗУЛТАТИ …………………………………………………………………….......67**

**13. ЗАКЛУЧОК ……………………………………………………….........................79**

**14. ДОДАТОК ...........................................................................................................86**

**15. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ……………………………………………….......100**

## 1. ВОВЕД

Поаѓајќи од тоа дека Државното правобранителство на Република Македонија е значаен државен орган, чија основна цел е заштита на имотните права и интереси на Република Македонија, а граѓаните на Република Македонија не се доволно запознаени со основните надлежности и организациона поставеност на истиот, се одлучив темата на мојот магистерски труд да биде поврзана со Државното правобранителство.

Државното правобранителство во Република Македонија е основано во 1952 година, под името Јавно правобранителство. Од тогаш па до денес се донесени повеќе закони и измени и дополнувања на истите со кои се регулирале основните прашања поврзани со работата и функционирањето на Државното правобранителство.

Денес, Државното правобранителство е државен орган кој презема мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија и врши други работи утврдени со Законот за државното правобранителство и со други закони.

Функцијата на Државното правобранителство ја врши Државниот правобранител на Република Македонија и државните правобранители во Државното правобранителство.

Државниот правобранител и државните правобранители се должни да го чуваат угледот на функцијата што ја вршат. Во државното правобранителство е забрането политичко организирање и дејствување.

Државното правобранителство ги остварува своите надлежности врз основа на Уставот, закон и ратификуваните меѓународни договори.

Основната цел на истражувањето е утврдување на степенот на ефикасноста во работата на Државното правобранителство за подрачје Кочани и

Државното правобранителство на Република Македонија, како застапник по закон на Република Македонија и нејзините органи. Покрај ова, цел на истражувањето е утврдување и отстранување на објективните и субјективните фактори кои негативно влијаат на работата на Државното правобранителство.

Предмет на истражувањето е да се утврди дали Државното правобранителство за подрачјето Кочани е ефикасно во заштитата на имотните права и интереси на Република Македонија и дали знаењето, способноста, искуствата и одговорноста на државните правобранители, висината на средствата предвидени во Буџетот на Република Македонија, бројот на државни правобранители, просторните и техничките услови и платата и надоместоците од плата кои ги примаат државните правобранители влијаат на степенот на ефикасноста на работата на Државното правобранителство. Истражувањето се однесува на Државното правобранителство на Република Македонија и Државното правобранителство за подрачјето Кочани, и тоа за временскиот период од 1 јануари 2005 година до 31 декември 2010 година.

Во изработката на магистерскиот труд е спроведено истражување за бројот на примените и завршените предмети во Државното правобранителство на Република Македонија и во Државното правобранителство на Република Македонија за подрачје Кочани и спроведени се истражувања со помош на скала на ставови и анкета за тоа дали знаењето, способноста, искуствата и одговорноста на Државните правобранители, висината на средствата предвидени во Буџетот на Република Македонија, бројот на државни правобранители, просторните и техничките услови и платата и надоместоците од плата кои ги примаат државните правобранители влијаат на степенот на ефикасноста на работата на Државното правобранителство. Обработка на овие податоци е извршена со примена на дескриптивен, аналитички, синтетички и компаративен метод.

Покрај истражувачкиот дел кој е спроведен за да се даде одговор на поставените хипотези и на нулта хипотезата, во трудот има и тематски дел каде што се обработени основните надлежности и организациона поставеност на

Државното правобранителство на Република Македонија, како и дел во кој е извршена тематска обработка на основните надлежности и организациона поставеност на државните, односно јавните правобранителствата во други балкански држави.

## 2. ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ

Правобранителството како орган на државата настанал со настанувањето на граѓанско-правната функција на државата. Се смета дека граѓанско-правната функција на државата настанала со создавањето на државната благајна, денес позната под поимот буџет, која се одвоила од благајната на царевите.

За време на Римското царство, поточно за време на владеењето на римскиот император Хадриан, работите на застапување на државата ги вршел правобранител познат под името ″advocatus fisci″ кој бил државен службеник и на кого тоа му било единствено занимање. Вакви застапници постоеле, не само во Рим туку и во провинции. Според тоа ″advocatus fisci″ во римското право претставува денешен јавен односно државен правобранител со многу исти или слични карактеристики. Од тогаш, па до денес, изземајќи го Средниот век, јавното односно државното правобранителство главно останало имотно-правен застапник на државата во постапките пред судовите или други органи.

Почетокот на настанување на правобранителската функција на просторите на Балканот врзано е за даночниот правобранител кој е основан со Указ на Кнез во 1842 година во Србија, а кој работел само една година. Во 1848 година повторно се формира орган за застапување на државата под име бранител на правата и во тој облик останува сè до 1928 година. Со Уредба за организација на финансиските служби од 1928 година е предвидена надлежност на јавниот правобранител, односно на тогаш постоечкиот орган за застапување во вршењето на застапничките дејствија.

Сепак најважен закон кој се однесува на организацијата на работата на правобранителството во Кралството на Југославија е Законот за државно правобранителство од 1934 година, кој воспоставил единствена организација на правобранителството. Овој закон предвидел постоење на Врховно државно правобранителство и правобранителства по седиштата на апелационите судови. Врховното државно правобранителство имало надлежност спрема пониските правобранителства во поглед на преземање на одредени правни работи, како и во поглед на кадровските решенија. Во овој период правобранителството било во состав на Министерството за финансии и негова основна надлежност била заштита на јавната благајна.

Во периодот по Втората светска војна во повеќе наврати се донесени закони за јавното правобранителство.

Државното правобранителство во Република Македонија за прв пат како институција е основано на 11 мај 1952 година, со Законот за јавното правобранителство[1]. Според одредбите на овој закон, Јавното правобранителство ги застапува во имотно-правните односи Федеративна Народна Република Југославија, народните републики, автономните едници, околиите, градовите и општините, како и нивните установи на кои им е признато својството на правно лице. Правата и должностите на Јавното правобранителство го вршат Јавното правобранителство на Федеративна Народна Република Југославија и јавните правобранителства на народните републики кои се основаат при Министерството за финансии на Федеративна Народна Република Југославија и Министерството за финансии на народните републики. На чело на јавното правобранителство на Федеративна Народна Република Југославија стои сојузен јавен правобранител, а на чело на јавното правобранителство на народната република стои републички јавен правобранител.

Со донесувањето на Законот за јавното правобранителство[2] од 1955 година престанува да важи Законот за јавното правобранителство од 1952 година.

[1] Службен лист на ФНРЈ бр.24/52
[2] Службен лист на ФНРЈ бр.51/55

Според одредбите на Законот за јавното правобранителство од 1955 година, јавното правобранителство во поглед на имотните права и обврски ја застапува пред судовите и другите државни органи Федеративна Народна Република Југославија, народните републики, автономните единици, околиите и општините (политичко-територијалните единици), установите што имаат својство на правно лице, а се финансираат од Буџетот, како и фондовите што ги основале државните органи, а има својство на правни лица, врши и други со закон определени права и должности.

Законот за јавното правобранителство од 1955 година престанува да важи со донесувањето на основниот Закон за јавното правобранителство[3] од 1965 година и овие се сојузни прописи кои ја регулираат материјата за јавното правобранителство.

За прв пат материјата за Јавното правобранителство како републички пропис е регулирана во Законот за јавното правобранителство од 1966[4] година кој закон престанува да важи со донесувањето на Законот за јавното правобранителство[5] во 1977 година.

Според одредбите на Законот за јавното правобранителство кој е донесен во февруари 1977 година, а е повеќепати изменуван и дополнуван, и тоа во 1981, 1982, 1987 и 1990 година, Јавното правобранителство е орган на републиката, на општините и на град Скопје, кој презема мерки и правни средства определени со закон заради правна заштита на имотните права и интереси и врши и други права и должности определени со закон. Покрај ова, јавното правобранителство било должно да ги следи општествените односи и појави и да ги проучува прашањата што се однесуваат за заштита на имотните права и интереси на општествено-политичките заедници и да им дава предлози на собранијата на соодветните општествено-политички заедници и на другите надлежни државни органи, на самоуправните организаци и заедници и на општествено-политичките организации за спречување на општествено-штетните појави и за зацврстување

[3] Службен лист на ФНРЈ бр.15/65
[4] Службен весник на СРМ бр.19/66
[5] Службен весник на СРМ бр.9/77

на законитоста, општествената одговорност и социјалистичкиот морал во оваа област.

Јавното правобранителство својата функција ја врши врз основа на Уставот, законите, прописите и општите акти на општествено-политичките заедници и нивните органи донесени во согласност со закон, а во согласност со политиката утврдена со општите акти на собранието на соодветната општествено-политичка заедница.

Функцијата на јавното правобранителство во рамките на правата и должностите на Социјалистичка Република Македонија ја врши Јавното правобранителство на Македонија, а во рамките на правата и должностите на општината - Општинското јавно правобранителство. Функцијата на јавното правобранителство во рамките на правата и должностите на Град Скопје ја врши Јавно правобранителство на Град Скопје.

Собранието на две или повеќе општини може спогодбено да основа заедничко општинско-јавно правобранителство.

Јавното правобранителство пред судовите и другите органи ја застапува општествено-политичката заедница и нејзините органи, како и месните заедници во поглед на нивните имотни права и интереси и им укажува друга правна помош.

Јавното правобранителство поведува постапка за заштита на имотните права и интереси на странките кои ги застапува по основа на закон по своја иницијатива или по иницијатива од странката.

Јавното правобранителство застапувањето пред судовите и другите органи освен врз основа на закон, го врши и врз основа на овластување и заемен договор.

Јавниот правобранител врз основа на овластување ги застапува самоуправните интересни заедници од областа на општествените дејности и организациите на здружен труд во оваа област, како и општествено-политичките организации. Врз основа на овластување, Јавното правобранителство пред

судовите и други органи може да застапува и организации на здружен труд, самоуправни организации и заедници доколку немаат организирано правна служба за застапување.

Врз основа на заемен договор, јавниот правобранител може да го застапува општествениот правобранител на самоуправувањето во постапката пред редовните судови по одделни предмети заведени заради остварување заштита на општествената сопственост. Иако застапувањето се врши врз основа на заемен договор, во таа постапка јавниот правобранител ги има овластувањата утврдени со Законот за јавното правобранителство.

Според овој закон, јавното правобранителство е орган кој самостојно одлучува за предметите по кои постапува, а чија вредност не е поголема од 50.000,00 динари.

Органите кои ги застапува јавното правобранителство биле должни навремено да го известат надлежниот јавен правобранител за секој имотно-правен спор. Доколку не го сторат тоа, а од пропуштањето настане штета на соодветната општествено-политичка заедница, јавниот правобранител за тоа го известувал надлежниот старешина, односно индивидуалниот орган на управување, а можел да предложи и поведување постапка за надоместок на предизвиканата штета.

Јавното правобранителство има права и должност да го известува собранието на соодветната општествено-политичка заедница за својата работа. Јавниот правобранител за својата работа и за работата на јавното правобранителство му одговара на собранието што го именува.

Јавниот правобранител на Македонија и неговите заменици ги именува и разрешува од должност Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а јавниот правобранител на општината и неговиот заменик - собранието на општината. Јавниот правобранител на град Скопје и неговиот заменик го именува и разрешува Собранието на град Скопје.

Јавниот правобранител се именува за време од четири години. Истото лице може да биде именувано на оваа функција најмногу двапати едноподруго. Заменикот на јавниот правобранител се именува на осум години и по истекот на тој период можел повторно да биде именуван.

Јавниот правобранител на заедничкото општинско јавно правобранителство и неговиот заменик ги именуваат и разрешуваат собранијата на општините што го основале јавното правобранителство. Ако за разрешување се надлежни собранијата на повеќе општини, јавниот правобранител, односно неговиот заменик, ќе се смета за разрешен ако е разрешен само во едно од тие собранија.

Со донесувањето на Законот за јавното правобранителство[6] во 1997 година престанува да важи Законот за јавното правобранителство од 1977 година и општинските јавни правобранителства и јавното правобранителство на град Скопје престануваат со работа од денот на примената на овој закон, односно на 01.01.1998 година, а Јавното правобранителство на Република Македонија продолжува со работа како служба на Владата на Република Македонија.

Со овој закон Јавното правобранителство се основа како служба на Владата на Република Македонија која презема со законот определени мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија и врши и други права утврдени со законот.

Со донесувањето на Законот за државното правобранителство[7] во 2007 година со денот на започнување на овој закон престанува да важи Законот за јавното правобранителство од 1997 година и Јавното правобранителство на Република Македонија продолжува со работа како Државно правобранителство.

Според одредбите на Законот за Државно правобранителство, Државното правобранителство е државен орган кој презема мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија и врши други работи утврдени со овој и друг закон. Државното правобранителство ги

[6] Службен весник на РМ бр.47/97
[7] Службен весник на РМ бр.87/07

остварува своите надлежности врз основа на Уставот, законот и ратификуваните меѓународни договори.

## 3. ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 3.1. Основна цел

Основна цел на истражувањето е утврдување на степенот на ефикасноста во работата на Државното правобранителство за подрачје Кочани и Државното правобранителство на Република Македонија како застапник по закон на Република Македонија и нејзините органи.

### 3.2. Секундарна цел

Секундарна цел на истражувањето е утврдување и отстранување на објективните и субјективните фактори кои негативно влијаат на работата на Државното правобранителство.

### 3.3. Предмет на истражување

Предмет на истражувањето е да се утврди дали Државното правобранителство за подрачје Кочани е ефикасно во заштитата на имотните права и интереси на Република Македонија и дали знаењето, способноста, искуствата и одговорноста на Државните правобранители, висината на средствата предвидени во Буџетот на Република Македонија, бројот на државни правобранители, просторните и техничките услови и платата и надоместоците од плата кои ги примаат државните правобранители влијаат на степенот на ефикасноста на работата на Државното правобранителство.

#### 3.3.1. Временско одредување на предметот на истражувањето

Истражувањето се однесува за временскиот период од 1 јануари 2005 година до 31 декември 2010 година.

### 3.3.2. Просторно одредување на предметот на истражувањето

Истражувањето се однесува на Државното правобранителство на Република Македонија и Државното правобранителство за подрачје Кочани.

### 3.4. План за работа

При изработката на магистерскиот труд ќе спроведам истражување за бројот на примените и завршените предмети во Државното правобранителство на Република Македонија за подрачје Кочани и во Државното правобранителство на Република Македонија и ќе спроведам истражувања за тоа дали знаењето, способноста, искуствата и одговорноста на државните правобранители, висината на средствата предвидени во Буџетот на Република Македонија, бројот на државните правобранители, просторните и техничките услови и платата и надоместоците од плата кои ги примаат државните правобранители влијаат на степенот на ефикасноста на работата на Државното правобранителство.

Преку обработка на овие податоци со примена на соодветни методи ќе утврдам дали Државното правобранителство за подрачје Кочани процентуално не се разликува по бројот на завршените предмети од Државното правобранителство на Република Македонија и дали знаењето, способноста, искуствата и одговорноста на државните правобранители, висината на средствата предвидени во Буџетот на Република Македонија, бројот на државни правобранители, просторните и техничките услови и платата и надоместоците од плата кои ги примаат државните правобранители влијаат на степенот на ефикасноста на работата на Државното правобранителство.

### 3.4.1. Термински план

Истражувањето е спроведено од 10 јануари 2011 година до 01 февруари 2011 година, а трудот е изработен заклучно со април 2011 година.

Трудот е изработен со активна работа во текот на попладневните часови, односно во периодот од 18 до 22 часот.

### 3.4.2. План за материјални средства

За обработката на темата и изработка на трудот беа потребни следниве материјални средства:

- Износ од 4.000,00 денари, на име користење на јавен превоз за прибирање на потребните податоци од Државното правобранителство на Република Македонија во Скопје.

- Износ од 1.000,00 денари за набавка на хартија за изготвување и печатење на трудот.

### 3.4.3. План за техничките средства

За обработка на темата и изработката на трудот беа потребни следниве технички средства:

- Компјутер;
- Печатач;
- Преносна меморија (USB);
- Фотокопир;

## 3.5. Хипотези

### 3.5.1. Главни хипотези

Знаењето, способностите и искуствата на државните правобранители и на другите органи кои учествуваат во заштитата на имотните права и интереси на Република Македонија влијае на степенот на ефикасноста на работата на државното правобранителство изразено преку бројот на решени предмети.

Спремноста да се преземе одговорност во однос на побрзото решавање на предмети влијае на степенот на ефикасноста на работата на Државното правобранителство.

Висината на средствата предвидени во Буџетот на Република Македонија влијаат на степенот на ефикасноста на работата на Државното правобранителство.

Бројот на државни правобранители влијае на степенот на ефикасноста на работата на Државното правобранителство.

Просторните и техничките услови влијаат на степенот на ефикасноста на работата на Државното правобранителство.

Платата и надоместоците од плата кои ги примаат државните правобранители влијаат на степенот на ефикасноста на работата на Државното правобранителство.

### 3.5.2. Нулта хипотеза

Ефикасноста на работата на Државното правобранителство изразено преку бројот на завршените предмети во Државното правобранителство за подрачјето Кочани процентуално не се разликува од бројот на завршените предмети во Државното правобранителство на Република Македонија

## 3.6. Варијабила

### 3.6.1. Независна варијабила

Знаењето, способноста, искуствата и одговорноста на државните правобранители;

Висината на средствата предвидени во Буџетот на Република Македонија;

Бројот на државни правобранители;

Просторните и техничките услови;

Платата и надоместоците од плата кои ги примаат државните правобранители.

### 3.6.2. Зависна варијабила

Ефикасноста на работата на Државното правобранителство е изразена преку бројот на решени предмети.

1

## 4. МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЧКАТА РАБОТА

Во изработката на трудот се користени следниве методи и техники на работа:

- дескриптивен метод;
- аналитички метод;
- синтетички метод;
- компаративен метод;
- историски метод;
- статистички метод.

Користени се и инструментите односно техниките на собирање податоци, и тоа: скала на ставови и анкета.

Користени се и релативни износи, проценти и графикони.

Дескриптивниот метод е користен при описот на надлежностите на Државното правобранителство. Со помош на компаративниот метод е извршена споредба на податоците за Државното правобранителство на Република Македонија и Државното правобранителство за подрачје Кочани, извршена е споредба на поставеноста и надлежностите на Државното правобранителство по законот кој сега е во сила и законот од 1977 година и извршена е споредба на поставеноста и надлежностите на Државното правобранителство на Република Македонија со правобранителствата на другите балкански земји, кои се предмет на овој труд.

Историскиот метод е применет во делот од трудот во кој е даден краток историски осврт на развојот на правобранителството како институција.

Статистичките методи се применети во делот од трудот во кој прибраните статистички податоци се прикажани табеларно и графички со цел да бидат претставени што е можно попрегледно и од нив визуелно да може да се забележи движењето на одредени појави, а со тоа да можат да се донесат и одредени заклучоци. Посебна примена при донесувањето на заклучоците најде $X^2$ - тестот и коефициентот на контингенцијата.

Аналитичкиот и синтетичкиот метод најдоа особена примена при изработката на трудот, бидејќи со помош на истите се изврши анализа и синтеза на организационата поставеност и надлежностите на Државното правобранителство и на содржините на законите и подзаконските акти кои најдоа примена при изработката на трудот.

Напред наведените методи и техники се применети со цел полесно и посигурно да се утврди степенот на ефикасноста на Државното правобранителство на Република Македонија.

## 5. ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Државниот правобранител на Република Македонија ги штити имотните права и интереси на Република Македонија и на државните органи основани со закон пред судовите и другите органи во земјата и странство[8].

Државниот правобранител го претставува и застапува Државното правобранителство, раководи и презема дејствија за кои е овластен со Законот за државното правобранителство и со друг закон.

Државниот правобранител може да овласти лице вработено во Државното правобранителство со положен правосуден испит и лица вработени во органите

[8] Службен весник на РМ бр.87/07

на државната управа со положен правосуден испит кои работат на правни работи да застапуваат пред судовите и другите органи во имотно-правните спорови.

Лицата кои го заменуваат државниот правобранител во застапувањето пред судовите и другите органи во имотно–правните спорови имаат право да постапуваат во границите на овластувањата што им се пренесени од државниот правобранител. Сите дејства што се преземени од страна на овие лица надвор од овластувањата што се пренесени од државниот правобранител не произведуваат правно дејство, односно истите се ништовни и како резултат на тие дејства не можат да произлегуваат права и обврски за Република Македонија.

Доколку согласно со прописите на странската држава, државниот правобранител не може да застапува пред нејзините судови и други органи, Владата на Република Македонија по предлог на Државниот правобранител ќе овласти друго лице кое според прописите на државата во определен предмет може да го замени во застапувањето државниот правобранител.

Државниот правобранител во определени случаи, по сопствена оцена може да изземе државен правобранител на соодветното подрачје од постапување по конкретен предмет и истиот да го довери на друг државен правобранител.

Државниот правобранител по барање на државните правобранители или по службена должност може да изземе државни правобранители од постапување по определен предмет од истите причини за кои може да биде изземен судија.

Функцијата државен правобранител е неспојлива со вршењето друга јавна функција и професија.

### 5.1. Постапка за именување на државен правобранител

Државниот правобранител по предлог на министерот за правда го именува Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија распишува оглас за именување на државен правобранител најдоцна во рок од 15 дена од настанувањето на условите за избор на државен правобранител.

Огласот за избор на државен правобранител се објавува во најмалку две јавни гласила од кои едно е на службен јазик различен од македонскиот јазик, кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

Постапката за именување и избор на државниот правобранител започнува 60 дена пред исполнувањето на причините за престанок на функцијата државен правобранител.

**5.2. Услови за именување на државен правобранител**

За државен правобранител се именува лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија,

- да е дипломиран правник со работно искуство на правни работи најмалку осум години по положен правосуден испит и

- да ужива углед за вршење на функцијата.

**5.3. Мандат на државен правобранител**

Државниот правобранител се именува за време од шест години, со право на повторен избор.

Државниот правобранител пред стапувањето на функцијата дава свечена изјава пред претседателот на Владата на Република Македонија, која гласи:

„Изјавувам дека во својата работа ќе се придржувам кон Уставот и законите и дека ќе ги штитам имотните права и интереси на Република Македонија и својата функција ќе ја извршувам совесно, одговорно и чесно".

### 5.4. Одговорност на државен правобранител

Државниот правобранител за својата работа и за работата на Државното правобранителство одговара на Владата на Република Македонија.

Државниот правобранител за работата на Државното правобранителство најмалку еднаш годишно ја известува Владата на Република Македонија, за што составува годишен извештај кој особено содржи преглед на примени, решени, нерешени предмети и преглед на поднесени правни лекови и средства.

Во годишниот извештај може да се укаже за состојбата и недостатоците во законодавството, во внатрешното работење на Државното правобранителство, во судовите и органите кои ги застапува, и по потреба да се дадат соодветни предлози за измена на закони и подзаконски акти.

По барање на Владата на Република Македонија, државниот правобранител е должен да достави извештај за својата работа или постапување по конкретни предмети.

Владата на Република Македонија може да го разреши државниот правобранител поради нестручно и несовесно вршење на функцијата. За разрешувањето се известува разршениот државен правобранител и Државното правобранителство на Република Македонија.

Против одлуката на  Владата на Република Македонија за разрешувањето, државниот правобранител може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од приемот на одлуката за разрешување. Одлуката за разрешување се објавува во Службен весник на Република Македонија.

### 5.5. Плата на државниот правобранител

Државниот правобранител прима плата која се пресметува врз основа на основица за пресметка на плата помножена со коефициентот, кој за функцијата државен правобранител изнесува 3.0.

Основницата е утврдена со Закон за изменување и дополнување на законот за плата и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката[9].

Коефициентот е утврден со одлука[10] на Владата на Република Македонија.

## 6. ДРЖАВНИ ПРАВОБРАНИТЕЛИ

Државните правобранители на Република Македонија ги штитат имотните права и интереси на Република Македонија и на државните органи основани со закон пред судовите и другите органи во земјата и странство[11].

### 6.1. Постапка за именување на државни правобранители

Државните правобранители ги именува Владата на Република Македонија по претходно прибавено мислење од Државниот правобранител, без ограничување на мандатот. При изборот на државни правобранители, Владата на Република Македонија треба да ја има предвид соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Република Македонија.

Владата на Република Македонија распишува оглас за именување на државни правобранители најдоцна во рок од 15 дена од настанувањето на условите за избор на државни правобранители.

Огласот за избор на државни правобранители се објавува во најмалку две јавни гласила од кои едно е на службен јазик различен од македонскиот јазик, кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

Постапката за именување и избор на државните правобранители започнува 60 дена пред исполнувањето на причините за престанок на функцијата државен правобранител.

[9] Службен весник на РМ бр.97/10
[10] Службен весник на РМ бр.53/05
[11] Службен весник на РМ бр.87/07

**6.2. Услови за именување на државни правобранители**

За државни правобранители се именуваат лица кои ги исполнуваат следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија,

- да е дипломиран правник со работно искуство на правни работи најмалку пет години по положен правосуден испит и

- да ужива углед за вршење на функцијата.

**6.3. Мандат на државните правобранители**

Државните правобранители се именуваат без ограничување на мандатот.

Државните правобранители пред стапувањето на функцијата даваат свечена изјава пред Државниот правобранител, која гласи:

„Изјавувам дека во својата работа ќе се придржувам кон Уставот и законите и дека ќе ги штитам имотните права и интереси на Република Македонија и својата функција ќе ја извршувам совесно, одговорно и чесно".

**6.4. Одговорност на државните правобранители**

Државните правобранители во вршењето на својата функција се самостојни и за својата работа одговараат пред Владата на Република Македонија и пред Државниот правобранител.

Државните правобранители можат да се разрешат поради нестручно и несовесно вршење на функцијата државен правобранител од страна на Владата на Република Македонија по предлог на Државниот правобранител. За разрешувањето се известува разршениот државен правобранител и Државното правобранителство на Република Македонија.

Против одлуката на Владата на Република Македонија за разрешувањето државни правобранители може да се поведе управен спор пред Управниот суд во

рок од 30 дена од приемот на одлуката за разрешување. Одлуката за разрешување се објавува во Службен весник на Република Македонија.

### 6.5. Плата на државните правобранители

Државните правобранители примаат плата која се пресметува врз основа на основица за пресметка на плата помножена со коефициентот, кој за функцијата државни правобранители изнесува 2.6.

Основницата е утврдена со Закон за изменување и дополнување на законот за плата и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката[12].

Коефициентот е утврден со одлука[13] на Владата на Република Македонија.

## 7. ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Функцијата државен правобранител, односно државни правобранители престанува:

- со смрт,

- по сопствено барање,

- поради исполнување на услови за стекнување на право на старосна пензија,

- ако се утврди дека трајно ја загубил способноста за вршење на функцијата,

- ако е избран односно именуван на друга функција, односно должност и

- ако со правосилна пресуда е огласен за виновен и му е изречена ефективна казна затвор од најмалку шест месеца.

[12] Службен весник на РМ бр.97/10
[13] Службен весник на РМ бр.53/05

Престанокот на функцијата на државниот правобранител и државните правобранители го утврдува Владата на Република Македонија.

Против одлуката на Владата на Република Македонија за утврдување на престанок на функцијата државен правобранител и државни правобранители може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од приемот на одлуката за утврдување на престанок на функцијата државен правобранител и државни правобранители, освен во случаите кога функцијата престанала со смрт и по сопствено барање.

## 8. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Владата на Република Македонија по предлог на Државниот правобранител со одлука го определува бројот на државните правобранители и донесува одлука со која го утврдува седиштето на државните правобранители и подрачјето на судовите каде се врши државноправобранителската функција.

Со одлука[14] на Владата на Република Македонија, утврдени се 15 (петнаесет) седишта на државните правобранители и подрачјата на судовите каде се врши државноправобранителската функција. Согласно со одлуката, за седиштата на државните правобранители и подрачјата на судовите каде се врши државноправобранителската функција, се утврдуваат:

1. Охрид - за подрачјето на Основниот суд во Охрид.

2. Прилеп - за подрачјата на основните судови во Прилеп и Крушево.

3. Кавадарци - за подрачјето на Основен суд во Кавадарци.

4. Гевгелија - за подрачјето на Основен суд во Гевгелија.

5. Струмица - за подрачјата на основните судови во Струмица и Радовиш.

6. Штип - за подрачјата на основните судови во Штип и Свети Николе.

[14] Службен весник на РМ бр.3/08

7. Битола - за подрачјата на основните судови во Битола и Ресен.

8. Велес - за подрачјата на основните судови во Велес и Неготино.

9. Кочани - за подрачјата на основните судови во Кочани, Виница, Берово и Делчево.

10. Куманово - за подрачјата на основните судови во Куманово, Кратово и Крива Паланка.

11. Тетово - за подрачјето на Основен суд во Тетово.

12. Струга - за подрачјата на основните судови во Струга и Дебар.

13. Кичево - за подрачјето на Основен суд во Кичево.

14. Гостивар - за подрачјето на Основен суд во Гостивар.

15. Скопје - за подрачјата на основните судови Скопје 1 и Скопје 2.

Функцијата на Државното правобранителство ја врши Државниот правобранител на Република Македонија и државните правобранители во Државното правобранителство на Република Македонија.

Владата на Република Македонија по предлог на Државниот правобранител со одлука го определува бројот на државните правобранители. Бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Македонија се определува врз основа на бројот, видот и карактерот на предметите, како и надлежноста на судот на чие подрачје државните правобранители ја вршат својата функција.

Со одлука[15] на Владата на Република Македонија, определен е бројот на државните правобранители и тоа:

---

[15] Службен весник на РМ бр.3/08

1. За подрачјата: Охрид, Прилеп, Кавадарци, Гевгелија, Струмица и Штип определен е по еден државен правобранител во Државното правобранителство на Република Македонија.

2. За подрачјата: Битола, Велес, Кочани, Куманово, Тетово, Струга и Кичево определени се по двајца државни правобранители во Државното правобранителство на Република Македонија.

3. За подрачјето на Гостивар, определени се тројца државни правобранители во Државното правобранителство на Република Македонија.

4. За подрачјето на Скопје, определени се десет државни правобранители во Државното правобранителство на Република Македонија.

Државното правобранителство е со седиште во Скопје. На објектот во кој е сместено Државното правобранителство и државните правобранители за соодветното подрачје се истакнува називот и седиштето, грбот и знамето на Република Македонија.

Државното правобранителство има свој печат во кој е содржан називот и седиштето, грбот и името Република Македонија.

## 9. НАДЛЕЖНОСТИ

Надлежностите на Државното правобранителство на Република Македонија произлегуваат од овластувањата, правата и обврските што Државното правобранителство на Република Македонија ги има согласно со Законот за државното правобранителство, системските закони и други законски и подзаконски прописи.

Државното правобранителство на Република Македонија има активно учество во процесот на реформите во правосудниот систем, особено во делот на реформите кои се однесуваат и на Државното правобранителство на Република Македонија.

Државното правобранителство во својата работа применува закони, законски прописи и подзаконски акти кои уредуваат правна материја од повеќе области на правото, како што се прописите од материјалното право, и тоа: Законот за сопственост и други стварни права, Законот за облигациони односи, Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, Законот за градежно земјиште, Законот за денационализација, прописите поврзани со трансформација на општествениот капитал и продажбата на државниот капитал и други. Исто така Државното правобранителство применува и прописи од формално правен карактер, и тоа: Законот за парнична постапка, Законот за вонпарнична постапка, Законот за извршување, Законот за општа управна постапка, Законот за експропријација, Законот за стечај, Закон за нотарска дејност, Закон за кривична постапка во делот на оштетните побарувања и други правни прописи.

Покрај надлежностите и овластувањата кои ги има со законите и другите подзаконски акти, за Државното правобранителство на Република Македонија определна правна сила имаат и Заклучоците на Владата на Република Македонија.

### 9.1. Парнични предмети

Парничните предмети претставуваат најсложените предмети кои се во работа во Државното правобранителство. Во овој вид на предмети државните правобранители преземаат процесни правни дејства во согласност со Законот за парнична постапка. Парничните предмети временски можат да траат подолго и во најголема мера тоа не зависи од постапувањето на Државното правобранителство. Државното правобранителство во овие постапки, застапувајќи ја Република Македонија и нејзините органи, учествува како странка во постапката, така што нема некое големо влијание врз времетраењето на постапките и нивното завршување, односно со своето постапување може само релативно да влијае за нивното временско скратување.

Споровите кои се водат во парничните постапки каде Државниот правобранител на Република Македонија, односно државните правобранители, се јавува како застапник по закон на Република Македонија и нејзините органи се по најразлични основи. Во понатамошниот дел од трудот ќе бидат наведени и образложени најчестите и позначајни спорови по кои постапува Државниот правобранител и државните правобранители.

### 9.1.1. Сопственост

Во судските спорови за утврдување право на сопственост на недвижен или движен имот, Република Македонија може да се јави како тужител или тужен.

Како странка која е тужител, Република Македонија најчесто се јавува во случаите кога имот кој бил во сопственост на Република Македонија, без правна основа е заведен како имот во сопственост на физичко или правно лице, а како тужена странка - во спротивен случај, односно кога имот кој бил во сопственост на физички или правни лица без правна основа е заведен како имот во сопственост на Република Македонија. Во овие постапки, Државното правобранителство на Република Македонија им предлага на судовите како докази да се изведат: наод и мислење од вешто лице, уверение за движење на сопственоста на имотот, предмет на тужбеното барање и други дополнителни докази во зависност од специфичноста на секој поединечен предмет. Во текот на постапката треба да се утврди врз основа на кој правен основ, согласно член 112 од Законот за сопственост и други стварни права[16], на тужителот треба да му се утврди право на сопственост.

### 9.1.2. Штета

Споровите за надомест на штета можат да бидат за надомест на нематеријална или материјална штета, или и за двата вида на штета заедно. Во

[16] Службен весник на РМ бр.18/01

овој вид на спорови Република Македонија може да се јави како тужител или тужен. Република Македонија се појавува како тужител во случаите кога на нејзиниот имотот или на имотот на нејзините органи е причинета штета од дејствија на физички или правни лица, а како тужена странка се појавува во спротивен случај, односно кога на физички или правни лица е причинета штета од страна на органите на Република Македонија, но и во случаите кога таквата одговорност е предвидена со закон.

Споровите за надомест на материјална и нематеријална штета можат да бидат по неколку основи, и тоа по основ на:

- член 166 од Законот за облигациони односи, каде е утврдено дека за штета настаната од смрт, телесна повреда или оштетување, односно уништување на имотот на физичко или правно лице, поради акти на насилство или терор, како и при јавни демострации и манифестации одговара државата.

- член 69, став 2 од Законот за ловството, каде е утврдено дека за штета настаната од дивеч кој е заштитен со закон, одговара државата;

- заради неоправдано осудени или неосновано лишени лица од слобода;

-заради противправно одземање на предмети во кривичната и прекршочната постапка;

- како и надомест на штета по други основи.

Во судските постапки по тужбите за надомест на штета, Државното правобранителство учествувајќи како законски застапник на Република Македонија истакнува приговори, предлага изведување на докази и презема други правни дејствија за кои е овластено. Особено во овие постапки, Државното правобранителство на Република Македонија до судовите предлага да се изведуваат и други дополнителни докази, а не судот своите одлуки да ги заснова исклучиво само на наводите и исказите на странките, со цел да се утврди вистинската вредност на причинетата штета. Во текот на овие постапки Државното правобранителство на Република Македонија од судовите бара да се

утврди дали за настанатата штета за која се бара надомест постои причинско-последична врска со дејствија преземени од орган и субјект за кој согласно со законот одговара Република Македонија и настанатата штета. Ова е од причина што доколку во текот на постапката се утврди дека конкретната штета е настаната од други причини, тогаш отпаѓа и обврската на Република Македонија да ја надомести настанатата штета.

### 9.1.3. Поништување на договори

Позначајни спорови во врска со поништувањето на договорите се:

- Спорови за поништување на договори во врска со трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал и продажба на државниот имот, поништувања уписи во судски регистри и други спорови кои произлегуваат од процесот на приватизацијата на општествениот и државниот капитал во претпријатијата. Во овие спорови Република Македонија се јавува како тужител;

- Спорови во врска со поништувањето на договори кои ги склучила Република Македонија, особено: договори склучени во постапките за отуѓување или давање под закуп на државен имот (градежно земјиште, земјоделско земјиште), договори склучени во постапките за јавна набавка и други договори каде како странка се јавува Република Македонија или некој нејзин орган, доколку постојат законски основи за нивно поништување. Во овие спорови Република Македонија почесто се појавува како тужена страна.

### 9.1.4. Работни спорови

Позначајни спорови во врска со правата и обврските кои произлегуваат од работниот однос се:

- Спорови во врска со поништувања на решенија за избор по оглас за вработување, со поништувања на решенија за распоредување од едно на друго работно место или од една во друга работна единица при истиот орган,

- Спорови по основа на побарувања од работен однос на вработените во органите на државна управа, и други.

Во овој вид на спорови, Република Македонија се јавува како тужена страна.

### 9.1.5. Побарувања

Позначајни спорови во врска со побарувањата кои произлегуваат од работата на органите на Република Македонија и нивната соработка со физички и правни лица, се:

- Спорови во врска со наплата на побарувања кои произлегуваат од: договори за купопродажба на градежно земјиште сопственост на Република Македонија од страна на физички или правни лица, договори за закуп за земјоделско или градежно земјиште сопственост на Република Македонија од страна на физички или правни лица и

- Спорови во врска со наплата на побарување по најразлични основи, било во случај Република Македонија или нејзин орган да се јавува во својство на доверител или должник.

## 9.2. Вонпарнични предмети

Вонпарничните предмети претежно се јавуваат како резултат на поднесени барања од страна на физички и правни лица, но и од страна на Република Македонија и нејзините органи, за физичка делба на имот кој е во сосопственост на Република Македонија со физички и правни лица. Во овој вид на предмети се определува реалниот од идеалниот дел на сопственоста со помош на вешти лица од геодетска или друга соодветна струка. Улогата на Државниот правобранител во овој вид на предмети се состои во преземање на дејствија за да дојде до правилна делба на заедничкиот имот. Заради остварување на оваа цел, Државниот правобранител остварува непосредни контакти со корисниците на имотот кои стопанисуваат со овој имот во името на Република Македонија.

Вонпарничните предмети во кои учествува и Државното правобранителство можат да се јавуваат како резултат и на поднесени барања од страна на физички и правни лица, но и од страна на Република Македонија и нејзините органи, за определување на начинот на користење на имотот кој е во сосопственост или на заедничко користење на Република Македонија со физички и правни лица. Во овој вид на предмети се определува начинот на користење на заедничкиот предмет од страна на сопствениците односно корисниците од страна на судот со помош на вешти лица од геодетска или друга соодветна струка.

Вонпарничните предмети се јавуваат и како резултат на водена управна постапка, односно постапка за експропријација пред надлежен управен орган, во која од физичко или правно лице е одземено градежно изградено или неизградено земјиште, во полза на Република Македонија и нејзините органи кога е утврден јавен интерес, а притоа во самата управна постапка по правосилноста на решението со кое е извршена експропријација не е постигната спогодба за видот и висината на надоместокот за одземениот имот. Во тој случај управниот орган пред кој се водела постапката е должен веднаш по рочиштето на кое требало да се постигне спогодба помеѓу странките да го достави предметот до надлежниот суд кој во вонпроцесна постапка со помош на вешти лица од соодветна струка треба да го определи видот и висината на надоместокот кој треба да му се плати од страна на Република Македонија и нејзините органи на физичкото или правното лице од кое е одземен имот во управната постапка. Република Македонија и нејзините органи, освен како подносители на предлогот за експропријација, се јавуваат и како противници, односно како странка од која се одзема правото на користење на имотот кој е во нејзина сопственост, поточно ќе се воспостави непотполна експропријација-службеност и на која заради тоа ограничување на правото на сопственост ѝ следува соодветен надомест. Ваков вид на предмети се јавуваат како резултат на извршената приватизација на правното лице кое се занимаваше со производство и дистрибуција на електрична енергија.

### 9.3. Извршни предмети

Држвното правобранителство на Република Македонија во извршна постапка пред надлежниот суд, извршител или друг надлежен орган презема дејствија за наплата на побарувањата и трошоците кои произлегуваат од правосилни и извршни одлуки на надлежните судови и другите надлежни државни органи. Се работи за побарувања на Република Македонија и нејзините државни органи кои настанале како резултат на деловната соработка на истите со правни и физички лица во Република Македонија и трошоци кои настануваат при водењето на судските и други постапки за утврдување на побарувањата.

Освен овој вид на предмети, согласно Законот за извршување[17] кој е донесен на 18 мај 2005 година, стапи на сила на 26 мај 2005 година, а отпочна да се применува на 26 мај 2006 година, Државното правобранителство на Република Македонија заклучно со 01.11.2010 година, кога стапи на сила Законот за изменување и дополнување на законот за управата за јавни приходи[18] и на Законот за дополнување на законот за даночната постапка[19], беше надлежно да спроведува постапки по барање на основните судови за наплата на судските трошоци во прекршочните и кривичните постапки, како и за наплата на паричните казни изречени во тие постапки. Со овие одредби од Законот за извршување, освен што се даде голема надлежност на Државното правобранителство, се создаде и голем прилив на извршни предмети (извршно-кривични - ″ИКР″ и извршно-прекршочни - ″ИПКР″) со што уште повеќе се зголеми активноста на Државното правобранителство на Република Македонија, кое ажурно и благовремено постапуваше настојувајќи средства кои се определени со правосилни и извршни пресуди да се уплатат во полза на Буџетот на Република Македонија. Иако Државното правобранителство веќе не е надлежно да поднесува барања за присилно извршување по овој вид на предмети, истото сè уште учествува во спроведувањето на присилното извршувањето кое се однесува на предметите кои до денот на стапувањето во сила на измените и дополнувањата на Законот за извршување беа поднесени до надлежните извршители и од нивна страна беше преземено извршно дејствие. Државното

[17] Службен весник на РМ бр.35/05
[18] Службен весник на РМ бр.145/10
[19] Службен весник на РМ бр.145/10

правобранителство учествува на тој начин што го следи спроведувањето на извршувањето и има право да изјавува правни лекови против одлуките донесени од страна на извршителите или од страна на претседателите на основните судови по повод поднесените приговори од страна на должниците.

Во интерес на побрзата наплата и подобрата заштита на имотните права и интереси на Република Македонија, Државниот правобранител на Република Македонија имаше воспоставено метод на постапување по овие предмети, по пат на опомени до физичките и правни лица во одреден разумен рок да си го платат долгот кон Република Македонија и до Државното правобраниттелство на Република Македонија да достават доказ за извршената уплатата. Овој метод на постапување беше еден вид превенција и покана физичките и правните лица да си ги подмират долговите кон Република Македонија, без притоа да се прават трошоци за присилно извршување. Праксата покажа дека овој метод на постапување беше успешен со оглед дека голем број граѓани, па и правни лица, си ги плаќаа долговите кон Република Македонија и за извршената уплата го известуваа Државниот правобранител.

Во насока на поквалитетно и побрзо извршување на овој вид на предмети, Државното правобранителство на Република Македонија во соработка со Министерството за правда и Министерството за финансии одржа бројни средби со Комората на извршители на Република Македонија и со извршните одделенија од одделни судови во Република Македонија, при што во голем дел беа утврдени начините на постапување во извршните предмети кои се во правец на полнење на Буџетот на Република Македонија. Согласно со податоците дадени од архивата на Државното правобранителство на Република Македонија во 2009 година, врз основа на ″ИКР″ и ″ИПРК″ во Буџетот на Република Макекдонија се слеале 12.235.264,00 денари.

Во согласност со измените и дополнувањата на погоренаведените закони, државните правобранители барањата за извршувања за наплата на погоренаведените побарувања ги доставуваат до Управата за јавни приходи, како

надлежен орган за спроведување на присилното извршување на побарувањата, но и долговите на Република Македонија и нејзините органи.

### 9.4. Управни предмети

Надлежностите на Државното правобранителство во управните предмети се однесуваат на покренување и водење на управни постапки пред управните органи, заради заштита на имотните права и интереси на Република Македонија и нејзините органи. Управни органи кај кои Државното правобранителство најчесто се јавува како странка во постапката се: Управата за имотно-правни работи и Комисиите за денационализација, како органи во состав на Министерството за финансии односно органи формирани од министерот за финансии, Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија, Управниот суд, но и пред Владата на Република Македонија.

Пред Владата на Република Македонија, Државното правобранителство на Република Македонија постапува врз основа на член 91 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи[20]. Во овој случај Државното правобранителство на Република Македонија поднесува Предлог до Владата на Република Македонија да донесе одлука со која ќе се утврди дека Република Македонија е сопственик на определен имот кој постои, но за кој не постои соодветна градежно-техничка документација и поради тоа истиот не може да биде запишан во соодветните јавни книги како имот на Република Македонија. Врз основа на одлуката на Владата на Република Македонија, Агенцијата за катастар на недвижности врши утврдување и запишување на содржините на недвижностите во имотните листови на име на Република Македонија.

Пред Управата за имотно-правни работи, Државното правобранителство најчесто се јавува како застапник, кога во името на Република Македонија или нејзин орган (најчесто тоа е Министерството за транспорт и врски) ќе поднесе барање за одземање на правото на користење или право на сопственост на градежно изградено или градежно неизградено земјиште, заради реализација на

[20] Службен весник на РМ бр.8 /05

урбанистичкиот план со кој е предвидено дека земјиштето кое е предмет на одземање е во јавен интерес, односно кога се води постапка за експропријација на недвижности и одземање или ограничување на правото на користење на недвижности во државна сопственост. Исто така, пред овој орган Државното правобранителство најчесто се јавува како заштитник на имотните права и интереси на Република Македонија во постапката за приватизација и закуп на градежното земјиште во државна сопственост и како подносител на барања за утврдување на престанок на право на користење на градежно земјиште, бидејќи правното лице кое го користело тоа земјиште престанало да постои.

Пред Комисиите за денационализација, Државното правобранителство постапува врз основа на член 17 од Законот за денационализација[21], каде што е пропишано дека во постапката за денационализација правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија врши Државното правобранителство на Република Македонија.

Со оглед на напред изнесеното, спротивна странка во постапката за денационализација е Република Македонија, а правната заштита на имотните права и интереси на Република Македонија во постапката за денационализација ја врши Државното правобранителство на Република Македонија. Поради тоа Државното правобранителство на Република Македонија е активен учесник во постапката за денационализација во сите нејзини фази. Активноста на овој орган произлегува од правните акти што му стојат на располагање на овој орган со кои може да го напаѓа решението за денационализација. Пред првостепените Комисии за денационализација, Државниот правобранител може да се произнесе по барањето за денационализација, бидејќи Комисијата за денационализација е должна, согласно чл.10 ст.2 од Уредбата за спроведување на постапката за денационализација[22], примерок од барањето за денационализација со списите приложени кон истото, во фотокопија да ги достави до Државниот правобранител на соодветното подрачје, кој има право да се произнесе по барањето за денационализација. Пред второстепената Комисија, Државниот правобранител

[21] Службен весник на РМ бр.20/98
[22] Службен весник бр.35/98

можеше да изјави жалба на првостепеното решение. Со измените и дополнувањата на Законот за денационализација, овој правен лек е укинат, а како редовен правен лек е предвидено право да се заведе управен спор со тужба пред Управниот суд во рок од 30 дена од приемот на решението. Против одлуката на Управниот суд странката односно државниот правобранител има право да поднесе жалба до Врховниот суд. Освен наведениве редовни правни лекови, Државниот правобранител може да поднесува и вонредни правни лекови согласно со Законот за општа управна постапка, освен предлог за повторување на постапката кој е изземен со Законот за денационализација. Освен предлогот за повторување на постапката против решението за денационализација, не може да се поднесува ниту барање за враќање во поранешна состојба. Погоренаведените дејства Државниот правобранител ќе ги преземе доколку смета дека донесеното решение за денационализација е спротивно на Законот за денационализација.

Пред Агенцијата за катастар на недвижности Државното правобранителство се јавува како застапник на Република Македонија или нејзин орган, кога треба да се изврши упис на сопственоста на име на Република Македонија или нејзин орган на имот кој е сопственост на Република Македонија, но од различни причини истиот останал со незапишани права и во случаите кога треба да се спроведе правосилна и извршна судска одлука. Врз основа на ваквите барања, Агенцијата за катастар на недвижности носи решенија, односно потврди со кои го прифаќа или одбива барањето за упис, односно за промени во катастарскиот операт врз основа на кои се утврдуваат и запишуваат содржините на недвижностите во имотните листови на име на Република Македонија.

### 9.5. Стечајни предмети

Стечајната постапка е една од најсложените постапки во кои учествува Државното правобранителство и овие постапки траат подолго време.

Државното правобранителство како законски застапник на Република Македонија во стечајните постапки учествува како доверител во случаите кога по

добиено известување од Управата за јавни приходи, или друг надлежен државен орган, поднесува барање за отворање на стечајна постапка, односно во отворената стечајна постапка поднесува пријави на стечајни побарувања кои ги има Република Македонија и нејзините органи спрема стечајниот должник. Во стечајната постапка пред судовите, Државното правобранителство зема активно учество штитејќи ги имотните права и интереси на Република Македонија кога таа или нејзин орган се јавува како доверител во стечајната маса. Во случаите кога се работи за поголемо побарување што Република Македонија го има пријавено во стечајната маса или се работи за побарување по основа на заложно право, тогаш Државното правобранителство учествува во работата на Одборот на доверители како орган на стечајната постапка, застапувајќи ја Република Македонија или нејзин орган. Учеството во одборот на доверители е условено со донесување на решение од страна на надлежниот судија со кое се формира Одборот на доверители, односно со кое се определува кои од доверителите ќе бидат членови на Одборот на доверители.

Државното правобранителство во стечајните постапки поднесува излачни тужби во случаите кога во стечајната маса на стечајниот должник се наоѓа имот кој е сопственост на Република Македонија и тужби за утврдување на разлачно односно заложно право во случаите кога во стечајната маса на должникот се наоѓа имот за кој 90 дена пред поведувањето на постапката за отворање на стечајната постапка е воспоставено заложно право врз основа на одлуки на надлежни органи. Со овие тужби, Државното правобранителство бара од судовите конкретниот имот кој е во сопственост на Република Македонија да се одвои од стечајната маса, да не биде предмет во стечајната постапка  и истиот по основа на сопственост, односно засновано заложно право, да биде вратен на Република Македонија, односно истата одвоено да се намири од предметот врз кој е засновано заложно право.

Државниот правобранител на Република  Македонија настојува во рамките на стечајните постапки пред гласањето во собранието на доверители или одборот

на доверители да има изграден став од органот кој го застапува во поглед на тоа како да се гласа во рамките на органите на стечајната попстапка.

### 9.6. Атхезиони предмети

Атхезиони предмети се оние каде Државното правобранителство постапува во определена атхезиона, придружна постапка на некоја главна постапка која се води пред судовите или друг надлежен орган.

Таква атхезиона постапка се води во кривична постапка каде Државното правобранителство застапувајки ја Република Македонија и нејзините органи, поднесува имотно-правни побарувања насочени спрема обвинетите во кривичната постапка. Државното правобранителство има активна улога по однос на утврдувањето на видот и на висината на имотно-правното побарување насочено кон обвинетите во кривична постапка. Активната улога се остварува уште во фазата на истрагата каде Државното правобранителство предјавува оштетно побарување врз основа на податоците кои ги има добиено од државниот орган на кој му е причинета штета од страна на обвинетиот, но и врз основа на податоците со кои располага Јавното обвинителство, како овластен државен орган за гонење на сторителите на кривичните дела. Доколку во конкретниот случај не постои конкретен државен орган, туку е оштетена директно Република Македонија, Државното правобранителство се потпира на податоците од Јавното обвинителство. Врз основа на пријавеното оштетно побарување, надлежниот суд може со одлуката за кривичното дело да донесе и одлука за настанатата штета, така што ќе го задолжи обвинетиот истата да ја надомести. Доколку, пак, од изведените докази не може со сигурност да се утврди видот и висината на причинетата штета, поради што е потребно и помош од вешти лица за утврдување на тие спорни факти, судот може да одлучи да ја упати Република Македонија или нејзин орган преку Државното правобранителство, да заведе парница пред надлежниот суд за да се утврди видот и висината на штетата.

Имајќи ги предвид веќе започнатите истражни и кривични постапки од страна на Јавното обвинителство, кои постапки се однесуваат на предметите

поврзани со злоупотреба на службената положба и овластување, корупција и други, улогата на Државното правобранителство во овој вид на предмети е, и ќе биде сè поактивна.

### 9.7. Превентивни предмети

Во постапувањето по овие предмети Државното правобранителство врши претходно испитување и анализирање на пристигнатите поднесоци, дописи, претставки, извештаи и слично, и доколку утврди дека се повредени имотните права и интереси на Република Македонија, тогаш заради заштита на истите поведува соодветна постапка пред надлежен орган или презема други дејствија за кои е овластено. Еден од превентивните методи на работа се погоре споменатите опомени до физичките и правните лица за доброволно плаќање на долговите кон Република Македонија.

Во рамките на превентивни предмети спаѓаат и предметите кои се формираат по поднесена пријава од страна на физички или правни лица до Државното правобранителство, за извршена узурпација на државно земјоделско или градежно земјиште. Постапувањето по овој вид на предмети од страна на Државното правобранителство зависи пред сè од видот на земјиштето кое е узурпирано и од начинот на кој е извршена узурпацијата. Доколку се работи за извршена узурпација на градежно земјиште на тој начин што, без да постои соодветна градежно-техничка документација, е извршена градба на државно земјиште, Државното правобранителство го известува надлежен орган при локалната самоуправа за преземање на дејства за отстранување на бесправната градба. Доколку пак се работи за извршена узурпација на градежно неизградено земјиште или, пак, на земјоделско земјиште, по собирањето на потребните докази и по извршениот разговор со пријавениот, од кого се бара доброволно да го предаде владението на земјиштето на Република Македонија и доколку истиот не постапи по барањето, од страна на Државното правобранителство се поведува парнична постапка пред надлежниот суд. По правосилноста и извршноста на одлуката на судот се поведува постапка и за нејзино присилно извршување доколку тужениот не постапи по одлуката на судот доброволно.

### 9.8. Правни мислења

Посебен вид предмети кои се во работа во Државното правобранителство се и давањето правни мислења кои согласно овластувањата предвидени во закони ги дава Државниот правобранител на Република Македонија, односно државните правобранители.

Овластувања за давање на правни мислења од страна на државните правобранители се предвидени во член 13 од Законот за измени и дополнувања на законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост[23], во член 46 од Законот за нотарјат[24] и во член 7 од Законот за изменување и дополнување на законот за земјоделско земјиште[25].

Со измените и дополнувањата на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, предметите кои се однесуваат за приватизацијата на градежното земјиште, иако се работи за управна постапка во Државното правобранителство, повеќе не спаѓаат во предмети од управна материја, бидејќи по нив Државното правобранителство дава правни мислења. Со ваквите законски измени улогата на Државното правобранителство е уште поизразена во оваа постапка, бидејќи Управата за имотно-правни работи не може да донесе решение со кое ќе го уважи барањето на странката сè додека Државниот правобранител позитивно не се произнесе по нацрт-решението. За да даде позитивно мислење по нацрт-решението, потребно е да се исполнети условите предвидени во законот, а најважни од нив се да постои правна основа за стекнување право на користење на градежното земјиште предмет на приватизацијата, да е платена цената за стекнатото корисничко право, ако тоа не е стекнато по основа на поранешна сопственост, и да е во согласност со генералниот или деталниот урбанистички план на градот односно населеното место.

[23] Службен весник на РМ бр.146/09
[24] Службен весник на РМ бр. 55/07
[25] Службен весник на РМ бр.18/11

Во член 46 од Законот за нотарјат е предвидено дека Државниот правобранител е должен во рок од 30 дена од приемот на предметот да даде мислење по склучениот Договор за отуѓување на градежно изградено и неизградено земјиште кое е сопственост на Република Македонија. За да даде позитивно мислење по Договорот за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на физички или правни лица, потребно е да се исполнети условите предвидени во Законот за градежно земјиште, Уредбата за отуѓување на градежно земјиште и Договорот да е во согласност со урбанистичкиот план на општината односно населеното место.

Согласно со членот 7 од Законот за изменување и дополнување на законот за земјоделско земјиште, државните правобранители даваат правни мислења и при постапката за размена на земјоделско земјиште кое е во приватна сопственост со земјоделско земјиште кое е во сопственост на Република Македонија. Размената на земјоделското земјиште се врши заради окрупнување на земјоделските парцели. За да може да се изврши замена односно да се даде позитивно мислење од страна на надлежниот државен правобранител, потребно е парцелите кои се во приватна сопственост, а кои се предмет на размена, да граничат со парцелите во државна сопственост и земјоделското земјиште во приватна сопственост, кое е предмет на размената, да има иста или помала пазарна вредност од земјиштето кое е во државна сопственост. По исклучок при правосилно решение за денационализација, размената може да се изврши и на парцели кои меѓусебно не граничат. Доколку се исполнети предвидените услови од страна на надлежниот државен правобранител се дава позитивно мислење, врз основа на кое подоцна од страна на Владата на Република Македонија по предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, се носи одлука .

Решавањето на овој вид на предмети, односно времетраењето на постапката за давање на правни мислења најмногу зависи од работењето на самото Државно правобранителство, па со оглед на високиот процент на решеност на овие предмети може да се заклучи дека Државното

правобранителство има висок степен на ажурност, кога неговата работа не зависи од преземање на дејствија и постапувања од страна на други субјекти.

### 9.9. Договори

Посебен вид на предмети се оние кои се во врска со договорите за продажба на становите во државна сопственост, во кои Државното правобранителство после нивно проучување и анализа, цени дали таквите договори се во согласност со позитивните законски прописи, па доколку се утврди дека некои од тие договори не се во согласност со Уставот, законот или друг позитивен пропис, се преземаат потребните правни дејствија со цел да се отстранат правните недостатоци на тие договори.

### 9.10. Организациони предмети

Во овој вид на предмети спаѓаат предметите по кои непосредно постапува Државниот правобранител на Република Македонија во неговата соработка со другите органи, установи, институции, со размена на податоци и информации, со давање правни мислења, правна помош и совети на органите кои не се застапувани од Државното правобранителство на Република Македонија, а се корисници на средства од Буџетот на Република Македонија (на пример: училишта, национални установи, дирекции, агенции и слично), како и предмети поведени по повод разни поднесоци, претставки, барања, предлози и слично, поднесени непосредно до Државниот правобранител на Република Македонија, од страна на правни и физички лица.

Тука спаѓаат и предметите преку кои Државниот правобранител на Република Македонија и државните правобранители кореспондираат и соработуваат во врска со организациони прашања во рамките на Државното правобранителство на Република Македонија, како и со други предмети кои се однесуваат за размена на податоци и информации.

### 9.11. Предмети по претставки и поплаки

Во работата на Државното правобранителство на Република Македонија се јавуваат и предмети кои се формираат по поднесени претставки и поплаки од страна на физички или правни лица за преземените дејства од страна на државните правобранители. Во овој вид на предмети државниот правобранител против кој е поднесена претставката или поплаката го известува Државниот правобранител на Република Македонија за наводите изнесени во претставката или поплаката, согласно со Законот за поплаки и предлози.

### 9.12. Предмети по јавни набавки

Во работата на Државното правобранителство на Република Македонија се јавуваат и предмети кои се поврзани со јавни набавки, а кои се вршат за потребите на Државното правобранителство. Заради спроведување на јавните набавки во рамките на Државното правобранителство постои Комисија за јавни набавки која согласно со Законот за јавни набавки ја формира Државниот правобранител на Република Македонија. Покрај оваа комисија, постои и внатрешен ревизор чии овластувања се определени со посебен закон, а чија основна цел е контрола на материјално-финансиското работење на Државното правобранителство.

### 9.13. Разно

Посебни предмети кои се наоѓаат во работа при Државното правобранителство на Република Македонија се предмети кои се однесуваат за постапувањето на Државното правобранителство по повод на најразлични поднесоци, барања, известувања, предлози и слично, доставени од страна на државните органи, правните и физичките лица.

## 10. СОРАБОТКА СО ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ

Поаѓајќи од фактот дека Државното правобранителство односно државните правобранители се застапници по закон на државните органи пред суд или друг државен орган, неминовно се наметнува потребата од соработка помеѓу

Државното правобранителство и државните органи. Соработката има за цел создавање на потребни услови за успешно застапување по конкретен предмет и добивање на истиот, преку што се остварува основната цел од функцијата на државните правобранители.

Соработката помеѓу Државното правобранителство и другите државни органи е регулирана со Законот за државното правобранителство и со Протоколот за соработка помеѓу Владата на Република Македонија, органите на државната управа и Државното правобранителство на Република Македонија, склучен помеѓу Државниот правобранител на Република Македонија и министерот за правда како овластено лице во име на Владата на Република Македонија.

Согласно со претходно наведените акти, регулирана е постапката и начинот на остварување на соработката, односно регулирани се правата и обврските односно постапувањата на државниот односно државните правобранители и на органите на државната управа, кои имаат за цел заштита на имотните права и интереси на органот што се застапува односно на Република Македонија во конкретниот предмет по кој се постапува.

Заради остварување на основната цел од функцијата на државните правобранители, заштита на имотните права и интереси на Република Македонија и нејзините органи, Државниот правобранител има право и должност, веднаш по приемот на тужба или друг иницијален акт за покренување на постапка, поднесоците и доказите да ги достави до тужениот орган, по писмен пат, по факс или по електронски пат до определеното лице за контакт. Тужениот орган е должен во рокот определен од Државниот правобранител да се произнесе за основаноста на барањето, поткрепено со материјални докази. Државниот правобранител покрај до државниот орган кој го застапува, е должен списите од предметот да ги достави и до државните органи за кои има сознание дека покрај тужениот и тие имаат податоци, докази и информации во врска со предметот и од нив да побара произнесување по однос на тужбеното барање и доставување на податоците, доказите и информациите. Државниот правобранител во писмените дописи со кои доставува предмет на произнесување до органите на државната

управа, дава краток осврт на предметот со свои предлози за натамошниот тек на постапката.

Заради остварување на соработката помеѓу Државниот правобранител и органот на државната управа, функционерот кој раководи со органот на државната управа е должен да определи лице кое ќе го претставува органот и ќе соработува со Државното правобранителство и за тоа да го извести Државниот правобранител.

Функционерот кој раководи со органот на државната управа односно лицето определено за контакт со Државното правобранителство од страна на функционерот е должно во рок од пет дена од приемот на барањето од Државниот правобранител да ги достави сите податоци, докази и информации.

Функционерот кој раководи со органот на државната управа чии интереси се штитат или по предлог на Државниот правобранител, за спорови од особено значење со вредност над 1.000.000,00 денари, задолжително определува лице кое ќе присуствува на судските рочишта покрај надлежниот државен правобранител.

Ако државниот правобранител не е запознаен со одреден имотно-правен спор, државниот орган е должен најдоцна во рок од пет дена да го извести државниот правобранител за секој имотно-правен спор со домашни или странски физички и правни лица и со известувањето во кое се содржани податоците за странките, предметот и вредноста на спорот, правниот однос од кој настанал спорот и другите потребни податоци, задолжително се доставуваат и материјалните докази со кои располагаат.

Државниот правобранител пред преземање на дејствија за поведување на постапка пред суд, друг орган или прави лица, во случаите кога тоа е потребно, е должен од органот што го застапува да прибави писмена согласност за поведување постапка. Ако органот не даде согласност, државниот правобранител во согласност со своите овластувања, одлучува за поведување постапка доколку смета дека се повредени интересите на Република Македонија.

Доколку од доставените докази, државниот правобранител утврди дека поставеното барање е основано или нема правна можност тоа да се реши во полза на Република Македонија, ќе му достави на органот на државната управа конкретен и образложен предлог за спогодбено решавање на спорот. Освен по иницијатива на државниот правобранител, иницијатива за спогодбено решавање на спорот може да дојде и по предлог на лицето кое ќе одлучи да поведе постапка против Република Македонија и нејзините органи. Државниот правобранител и државните правобранители се должни да се произнесат по предлогот за спогодбено решавање во најкраток можен рок, но не подоцна од осум дена по добивањето на согласност од органот кој го застапуваат. Органот на државната управа е должен во рок од пет дена да се произнесе по предлогот.

Државниот правобранител ќе побара од органот на државната управа што го застапува да се изјасни за натамошното застапување, ако истиот оцени дека не треба да се поведе постапка пред суд или друг орган или треба да се повлече тужба, да се откаже од тужбено барање или од предлог за извршување, да се признае барање на спротивната странка или да се склучи судско порамнување, да се повлече или откаже од право на жалба, како и да изјави вонредни правни лекови. Ако во рок од пет дена од барањето органот на државната управа не се произнесе по предлогот на државниот правобранител, ќе се смета дека не се согласува со предлогот. Во тој случај државниот правобранител ќе ја извести Владата на Република Македонија и ќе побара истата да се произнесе.

Државниот правобранител по ставањето на клаузула на правосилност на одлуката, истата во рок од 24 часа ја доставува до органот на државната управа кој го застапува односно до овластеното лице од органот за државната управа за соработка со државниот правобранител, за истите доброволно да пристапат кон исполнување на обврската утврдена во одлуката, пред истата да стане извршна, со цел да се избегнат трошоците кои можат да настанат при нејзиното присилно извршување.

## 11. СПОРЕДБА СО БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ

Поаѓајќи од потребата да се подобри функционирањето и работата на Државното правобранителство на Република Македонија, во рамките на оваа глава ќе бидат обработени организационата поставеност, надлежностите и овластувањата на државните односно јавните правобранителства на Хрватска, Србија и Словенија.

### 11.1. Државна адвокатура на Република Хрватска

Во Република Хрватска надлежностите и овластувањата на Државното правобранителство ги врши Државната адвокатура на Република Хрватска[26].

Темелно право и должност на Државниот адвокат во казнената постапка е гонење на сторителот на кривичните дела, а во граѓанската и управната постапка должност му е да ги преземе сите правни работи заради заштита на имотот на Република Хрватска, нејзините имотни права, како и заштита на правата на другите лица кои ги застапува. Државниот адвокат во граѓанската и управната постапка ја застапува Република Хрватска во заштита на имотните и другите права и врши други работи кои се дадени во негова надлежност.

Положбата и овластувањето на државната адвокатура е уредена во член 124 став 1 од Уставот на Република Хрватска. Според таа одредба, Државната адвокатура е самостојно и независно правосудно тело, овластено и должно да постапува против сторителите на кривични дела, да презема правни работи заради заштита на имотот на Република Хрватска и да поднесува правни средства за заштита на Уставот и законите на Република Хрватска.

Државната адвокатура е самостојно и независно правосудно тело кое по внатрешната положба е вертикално хиерархиски структуирано. На чело на Државната адвокатура е државен адвокат кој е одговорен за работата на

[26] http://www.dorh.rh

Државната адвокатура, имајќи притоа значајни овластувања во давање на упатства на своите заменици и пониските државни адвокати. Ваквата организација на државната адвокатура е во согласност со уредувањето на добар дел на ваквите органи во повеќето европски земји и ги следи најновите насоки на владите на Европа. Главниот државен адвокат покрај тоа што е одговорен за работата на државната адвокатура, истиот ја управува и застапува државната адвокатура.

Со оглед на ваквата поставеност, повисокиот државен адвокат може на пониският државен адвокат да му даде задолжителни упатства за работа кога тоа е потребно заради законито и воедначено постапување при вршењето на функцијата, а кога е нужно таквите упатства можат да се однесуваат и на постапувања по конкретни случаи.

Повисокиот државен адвокат може да го преземе работењето за кое е надлежен пониският државен адвокат (авокација), а може, во согласност со законот, да овласти понизок државен адвокат да постапува во одреден случај или да изврши определени дејствија од надлежност на друг понизок државен адвокат (делегација).

Во зависност од големината на подрачјето кое го покрива, државниот адвокат ја врши функцијата сам или има еден или повеќе заменици. Заменикот државен адвокат кога го заменува државниот адвокат во постапката пред судот или друго државно тело, овластен е да ги презема сите правни дејства за кои по закон е овластен државниот адвокат.

Во Република Хрватска, дејствијата поврзани со прогонот на сторителите на кривичните дела, заштита на имотот на Република Хрватска и заштита на законитоста, покрај Државната адвокатура на Република Хрватска ги вршат и 15 жупански државни адвокатури, 53 општински државни адвокатури и Канцеларија за спречување на корупцијата и организираниот криминал.

Државната адвокатура на Република Хрватска презема правни дејствија од своја надлежност заради заштита на Уставот и законитоста пред Уставниот суд,

презема дејствија од својата надлежност пред Врховниот суд на Република Хрватска, Управниот суд на Република Хрватска, Високиот трговски суд на Република Хрватска, Високиот прекршочен суд на Република Хрватска, меѓународните странски судови и другите тела.

Жупанските државни адвокатури ги преземаат своите дејства пред жупанските судови и општински државни адвокатури пред општинските судови.

### 11.1.1. Внатрешна структура

Внатрешната структура на државната адвокатура се состои од казнен оддел и граѓанско-управен оддел. Од ваквата поставеност на државната адвокатура се разликува Државната адвокатура на Република Хрватска која има четири оддела, и тоа покрај казнениот оддел и граѓанско-управен оддел има и Оддел за внатрешен надзор и Оддел за меѓународна правна помош и соработка.

На чело на државната адвокатура на Република Хрватска стои главен државен адвокат, кој го именува Собранието на Република Хрватска за време од четири години, на предлог на Владата на Република Хрватска. Замениците на државниот адвокат ги именува, разрешува и за нивната одговорност одлучува Советот на државната адвокатура. Замениците на државниот адвокат својата должност ја вршат постојано, односно имаат неограничен мандат.

На чело на жупанските државни адвокатури се жупанските државни адвокати, а на чело на општинските државни адвокатури се општинските државни адвокати.

На чело на одделите се водители на одделите, а на чело на отсеците водители на отсеците. Водителите на одделите и на отсеците се одредуваат од страна на главниот државен адвокат на Република Хрватска со годишниот распоред за работа. Водителите на одделите и отсеците ги распоредуваат во работа предметите и се грижат за навремено и уредно завршување на сите работи. Водителите на одделите, односно отсеците се одговорни за работата на одделите односно отсеците.

### 11.1.2. Казнен оддел

Казнениот оддел на државната адвокатура е надлежен да постапува против сторителите на казнените дела и другите казнени работи.

Во казнените оддели во повеќето државни адвокатури можат да се основаат отсеци како стручни тела од најмалку три заменика на државниот адвокат кои се специјализирани за одредена казнено-правна проблематика (на пример: отсек за општ криминалитет, отсек за крвни деликти, отсек за сообраќаен криминалитет, отсек за малолетнички криминалитет и слично).

### 11.1.3. Граѓанско - управен оддел

Граѓанско-управниот оддел во државната адвокатура е овластен да презема правни работи заради заштита на имотот на Република Хрватска и да поднесува правни средства за заштита на Уставот и законите. Овие оддели ја застапуваат Република Хрватска во постапките пред судовите и управните тела и ги штитат нејзините имотно-правни интереси.

Граѓанско-управниот оддел во државната адвокатура врши работи и дава мислења кога тоа е предвидено, односно определено за негова надлежност со посебните прописи (на пример: Закон за земјоделско земјиште, Поморски законик, Закон за надомест за имотот одземен за време на југословенската комунистичка власт, Закон за лов и други закони).

Граѓанско-управниот оддел може на основа на посебно полномоштво да застапува во граѓанските и управните предмети правни лица во сопственост или во претежна сопственост на Република Хрватска, како и единиците на локалните и регионалните самоуправи, кога тоа со оглед на предметот е оправдано.

Покрај наведените работи овој оддел ги следи и проучува примената на прописите од важност за заштита на имотните права на Република Хрватска, како и другите прописи кои се од важност за работата на државната адвокатура, па за воочените појави ја известува Државната адвокатура на Република Хрватска и другите надлежни државни органи.

### 11.1.4. Стварна и месна надлежност

Стварната и месна надлежност на државната адвокатура е одредена според одредбите на законот со кои се утврдува надлежност на судовите пред кои државните адвокати ги извршуваат своите надлежности, освен ако со Законот за државната адвокатура, односно со Законот за изменување и дополнување на законот за државната адвокатура не е поинаку одредено. Со законот за подрачјата и седиштата на државната адвокатура е одредено пред кој суд постапува државната адвокатура и седиштата на истите.

### 11.2. Јавно правобранителство на Република Србија

Дејствата на правна заштита на имотните права и интереси на Република Србија, автономните покраини, градот Белград и општините ги врши јавното правобранителство, ако со закон или одлука на автономната покраина, градот или општините не е поинаку одредено. Од ова произлегува дека секоја автономна покраина, градот Белград или општините можат со своја одлука да одредат односно определат друг начин на заштита на своите имотни права и интереси.

Републичкото јавно правобранителство[27] според Законот за јавно правобранителство ги презема сите правни дејства и правни средства пред судовите и другите надлежни органи заради заштита на имотните права и интереси на Република Србија, нејзините органи и организации и други правни лица чие финансирање се обезбедува од Буџетот на Република Србија.

Републичкото јавно правобранителство е законски застапник во сите постапки пред судовите и другите органи кога се работи за правна заштита на имотните права и интереси на Република Србија, нејзините органи и организации.

Функцијата на застапувањето се состои во права и должности на Републичкиот јавен правобранител кој во интерес на странката која ја застапува

[27] http://www.rjp.gov.rs

ги презема сите дејства во постапката кои би можела да ги преземе и самата странка.

Покрај функцијата законски застапник, Републичкото јавно правобранителство на основа на посебни законски овластувања постапува и како самостоен државен орган. Во тие предмети Републичкото јавно правобранителство е странка и тоа исклучиво како тужител во постапката. Вакви овластувања се предвидени со посебни закони (на пример: Закон за промет на недвижности, Закон за средства во сопственост на Република Србија, Закон за управни спорови и други).

Републичкото јавно правобранителство може пред Уставниот суд на Република Србија да покрене постапка за оцена на уставноста на закони, други прописи и општи акти кога ќе оцени дека со овие прописи непосредно му се повредени правата и интересите.

Републичкото јавно правобранителство може да застапува и други правни лица во поглед на нивните имотни права и интереси и кога интересите на тие правни лица не се во спротивност со функцијата која ја врши јавното правобранителство.

Републичкото јавно правобранителство дава правни мислења на договори, одлуки и акти од имотно–правен карактер, дава правни мислења на други имотно-правни прашања, презема дејства заради спогодбено решавање на споровите пред поведување на постапка, одржува непосредни контакти со органите, организациите и другите правни лица кои ги застапува, за прашањата од неговата надлежност, врши работи поврзани со одржувањето на односите со јавноста и врши други работи утврдени со закони и други прописи.

Правобранителството има право на трошоци во спорот исто како и адвокат по адвокатска тарифа, со тоа што досудените средства не се приход на правобранителството туку приход на Буџетот на државата, а правобранителството се грижи за нивната наплата.

Судовите и другите органи се должни во работите во кои е предвидено застапување од страна на јавниот правобранител да ги доставуваат сите поднесоци непосредно до надлежниот јавен правобранител. Доставувањето спортивно на оваа обврска не произведува правно дејство. Без оглед на тоа дали јавниот правобранител ја застапува странката како законски застапник или како полномошник, доставувањето се врши во јавното правобранителство. Ако доставувањето на поднесоците не се изврши непосредно до јавниот правобранител, тогаш му се оневозможува рамноправно расправање во постапката што претставува суштествена повреда на одредбите од парничната постапка.

Функцијата на Републичкото јавно правобранителство ја врши републичкиот јавен правобранител кој го поставува Владата за период од четири години и истиот може повторно да биде избран.

Републичкиот јавен правобранител има заменици кои ги поставува Владата и кои работите на заменик ги вршат како постојана должност.

За републички јавен правобранител и заменик на републичкиот јавен правобранител можат да бидат избрани лица кои се државјани на Република Србија, кои ги исполнуваат општите услови за засновање работен однос во државните органи, кои имаат завршено правен факлутет, положен правосуден испит и имаат осум години работно искуство на правна струка.

Јавниот правобранител за својата работа и за работата на Републичкото јавно правобранителство одговара на Владата. Замениците јавни правобранители за својата работа одговараат на Републичкиот јавен правобранител и на Владата.

Во Републичкото јавно правобранителство како посебна внатрешна единица постои Секретаријат. Во секретаријатот се вршат сите дејствија од интерес за целокупното работење на правобранителството и се врши координација помеѓу седиштето и одделенијата. Во рамките на Секретаријатот е и Писарницата на Републичкото јавно правобранителство.

Седиштето на Републичкото јавно правобранителство е во Белград. Дејствијата од надлежност на Републичкото јавно правобранителство се преземаат во седиштето, но и во единаесет одделенија, и тоа во: Ваљево, Зајечар, Зрењанин, Краљево, Крагуевац, Лесковац, Ниш, Нови Сад, Пожаревац, Суботица и Ужица.

Одделенијата ги водат сите предмети кои се во надлежност на Републичкото јавно правобранителство, кога за водење на првостепената постапка е надлежен суд или друг орган од подрачјето за кое е формирано одделението. Одделението ги води предметите во сите фази на постапката сè до нивното правосилно завршување. На чело на одделението стои раководител со статус на заменик на републичкиот јавен правобранител.

### 11.3. Државно правобранителство на Република Словенија

Во Република Словенија правобранителството е познато под поимот државно правобранителство[28].

Државното правобранителство на Република Словенија е правосуден орган и учествува во остварувањето на целите на правосудството, кој настојува споровите да се решаваат мирно и културно.

Државното правобранителство на Република Словенија е самостоен државен орган. Средствата за неговото финансирање се предвидуваат во буџетот на Република Словенија.

Државното правобранителство ја застапува Република Словенија и другите субјекти (основани од државата, нејзините органи и управни организации во состав, кои се правни лица) пред судовите и управните органи. Државното

[28] http://www.dp-rs.si

правобранителство ја застапува Република Словенија пред меѓународните судови (како на пример Европскиот суд за човекови права со седиште во Европската унија). Исто така постапува по налози и овластувања определени со посебни закони (на пример, склучување на порамнување за враќање на вложување во јавно-телекомуникациската мрежа). Исто така води и претходни постапки чија основна цел е мирно и културно решавање на споровите во општеството.

Државното правобранителство има надлежности кои произлегуваат и од посебени закони (на пример, Закон за денационализација, Закон за кривична постапка, Закон за прекршоци, Закон за локална самоуправа, Закон за бесплатна правна помош, Закон за ревизија на постапките за јавни набавки, Закон за враќање на вложувањата во јавната телекомуникациска мрежа и други). Најкарактеристична посебна надлежност на Државното правобранителство на Република Словенија е надлежноста која произлегува од Закон за враќање на вложување во јавната телекомуникациска мрежа. Во овој случај секое физичко или правно лице кое вложило средства во јавната телокомуникациска мрежа имало право да поднесе барање поткрепено со докази до Државното правобранителство, кое врз основа на законот, подзаконските акти и доказите приложени кон барањето составува предлог за порамнување. Доколку овој предлог не биде прифатен од подносителот на барањето, истиот има право во рок од два месеца да поднесе предлог за решавање на барањето до надлежниот суд, кој одлучувал по барањето.

Согласно со Законот за Државното правобранителство на Република Словенија, и тоа член 14 од истиот, претходната постапка е задолжителна. Ова значи дека секое физичко или правно лице кое има намера да поведе постапка против субјект кој го застапува државното правобранителство, претходно мора да му предложи на Државното правобранителство спогодбено решавање на спорот. Државното правобранителство мора што поскоро, најдоцна во рок од 30 дена од приемот на барањето да му одговори на барателот во врска со неговиот предлог за спогодбено решавање на спорот. Доколку дојде до склучување на

порамнување пред поведување на постапка пред суд, така склучената одлука е правосилна и има извршен наслов.

Државното правобранителство на Република Словенија може да учествува и во постапка пред орган за мирење во согласност со законот за медијација на Република Словенија. Во овој случај доколку постои можност да дојде до мирење пред медијаторот, Државното правобранителство на Република Словенија бара од страна на Владата на Република Словенија да се произнесе за конечната одлука во врска со предметниот спор.

Надлежностите на Државното правобранителство ги врши генерален државен правобранител, државни правобранители и помошници на државните правобранители.

Државното правобранителство на Република Словенија застапува врз основа на:

- Законот за државно правобранителство (кога ја застапува државата, нејзините органи и управни организации во состав)

- посебно овластување (кое посебно се користи во управната постапка кога застапува субјекти, чие застапување мора да го преземе)

- општините по нивно барање

- дава правни мислења при склучување на договори кога странка е субјект кој го застапува

Државниот правобранител во управните спорови настапува како застапник на јавниот интерес, односно како посебна странка. Во таа смисла може да поднесе тужба, покрај тужбата да поднесе и предлог за издавање времена мерка.

**11.3.1. Организација на државното правобранителство**

Организација на државното правобранителство е уредено со акт кој е наречен Државно-правобранителски ред, кој го издава Генералниот државен правобранител во согласност со министерот за правосудство.

Државното правобранителство на Република Словенија е со седиште во Љубљана. На чело на истото е Генерален државен правобранител кој има генерален секретар и кабинет. Државното правобранителство на Република Словенија има три оддела, и тоа: правен, неправен и европски оддел. Како самостојни делови во рамките на Државното правобранителство на Република Словенија се и ревизор и писарница.

Седиштата на Државните правобранителства и на помошниците на државните правобранители ги определува министерот за правда по претходно мислење од Генералниот државен правобранител.

Генералниот државен правобранител на предлог на министерот за правосудство и Владата го именува Собранието на Република Словенија. Неговиот мандат трае шест години со право на повторно именување.

Државните правобранители и помошниците на државните правобранители за период од осум години ги именува Владата на Република Словенија на предлог на министерот за правосудство по претходно мислење на Генералниот државен правобранител.

Државното правобранителство на Република Словенија ја застапува Република Словенија и нејзините органи пред Врховниот, Вишиот и Основните судови од подрачјето на Љубљана, пред странските и меѓународните судови.

Државното правобранителство на Република Словенија за определено подрачје ја застапува Република Словенија и нејзините органи пред Основните судови од подрачјето за кое е основано, пред повисокиот суд кој е надлежен за тоа подрачје во второстепена постапка и пред Врховниот суд кога се работи за одлука донесена во прв степен од неговото подрачје.

## 12. РЕЗУЛТАТИ

Од спроведената анализа на содржината на одредбите на Законот за државното правобранителство и другите закони по кои постапува Државното правобранителство, се утврдува дека државните правобранители, по примањето на предметите, можат да преземат активности или дејства односно да постапат согласно со поглавје 9 на овој труд. Во поглавјето 9 главно се издвоени сите активности и постапувања односно надлежности на државните правобранители, што можат да се преземат во согласност со позитивните законски прописи.

Од спроведената анализа на содржината на одредбите на Законот за државното правобранителство и другите закони по кои постапува Државното правобранителство, се утврдува дека државните правобранители, по примањето на предметите, можат да преземат активности или дејства односно да постапат согласно со поглавје 10 на овој труд. Во поглавјето 10 главно се издвоени сите активности и постапувања односно надлежности на државните правобранители, што можат да се преземат во согласност со позитивните законски прописи во остварувањето на соработката со државните органи.

Од спроведената анализа на содржината на одредбите на Законот за државното правобранителство и другите закони по кои постапува Државното правобранителство и другите државни органи се утврдува дека државните органи, по примањето на барањата од страна на државните правобранители, можат да преземат активности или дејства односно да постапат согласно со поглавје 10 на овој труд. Во поглавјето 10 главно се издвоени сите активности и постапувања односно надлежности на државните органи, што можат да се преземат согласно позитивните законски прописи во остварувањето на соработката со државното правобранителство.

По спроведената анализа на статистичките податоци од годишните извештаи за 2005, 2006, 2007, 2008, 2009 и 2010 за примени предмети во работа во Државното правобранителство за подрачје Кочани, се утврдува дека во 2005 година имало примени 1231 предмети во работа, а биле решени 1100 предмети,

во 2006 година имало примени 2297 предмети во работа, а биле решени 1636 предмети, во 2007 година имало примени 7366 предмети во работа, а биле решени 4139 предмети, во 2008 година имало примени 9371 предмети во работа, а биле решени 3696 предмети, во 2009 година имало примени 6779 предмети во работа, а биле решени 3828 предмети и во 2010 година имало примени 5762 предмети во работа, а биле решени 3244 предмети.

Табела 1. Статистички податоци за периодот на истражување за Државното правобранителство за подрачје Кочани

Table 1. Statistical data for the period of research of the Public attorney's office for the area of Kocani

| Година<br>Year | Примени предмети<br>Accepted subjects | Решени предмети<br>Solved subjects | Нерешени предмети<br>Unsolved subjects |
|---|---|---|---|
| 2005 | 1231 | 1100 | 131 |
| 2006 | 2297 | 1636 | 661 |
| 2007 | 7366 | 4139 | 3227 |
| 2008 | 9371 | 3696 | 5675 |
| 2009 | 6779 | 3828 | 2951 |
| 2010 | 5762 | 3244 | 2518 |
| Вкупно | 32806 | 17643 | 15163 |

Во Државното правобранителство за подрачје Кочани за периодот на истражувањето имало вкупно 32806 предмети во работа, од кои вкупно решени се 17643 предмети, што значи дека 15163 предмети не се решени. Во процент искажано решени се 53,780% од примените предмети, а останале нерешени 46,220%.

Напред наведените податоци се прикажани подолу на графикон, на кој може да се забележи односот на вкупниот број на решени предмети во однос на вкупниот број на примени предмети во работа, по години во Државното правобранителство за подрачје Кочани.




**Слика 1. Резултати од споредба од 2005, 2006, 2007, 2008, 2009 и 2010 година во Државното правобранителство за подрачје Кочани**
**Picture 1. Results in comparison from 2005, 2006, 2007, 2008, 2009 and 2010 of the Public attorney's office for the area of Kocani**

Доколку се спореди процентуално бројот на решените предмети во однос на бројот на примените предмети по години, за Државното правобранителство за подрачје Кочани се доаѓа до следните резултати:

- за 2005 година процентот е 89,358;
- за 2006 година процентот е 71,223;
- за 2007 година процентот е 56,190;
- за 2008 година процентот е 39,440;
- за 2009 година процентот е 56,468 и
- за 2010 година процентот е 56,299.

За периодот 2005, 2006, 2007, 2008, 2009 и 2010 година во Државното правобранителство за Кочани решени се 53,780% од примените предмети, а останале нерешени 46,220% од вкупно примените предмети.

По спроведената анализа на статистичките податоци од годишните извештаи за 2005, 2006, 2007, 2008, 2009 и 2010 за примени предмети во работа

во Државното правобранителство на Република Македонија се утврдува дека во 2005 година имало примени 19945 предмети во работа, а биле решени 17954 предмети, во 2006 година имало примени 24332 предмети во работа, а биле решени 22523 предмети, во 2007 година имало примени 81835 предмети во работа, а биле решени 34642 предмети, во 2008 година имало примени 109302 предмети во работа, а биле решени 53748 предмети, во 2009 година имало примени 97397 предмети во работа, а биле решени 49674 предмети и во 2010 година имало примени 78959 предмети во работа, а биле решени 44607 предмети.

Табела 2. Статистички податоци за периодот на истражување за Државното правобранителство на Република Македонија

Table 1. Statistical data for the period of research of the Public attorney's office of the Republic of Macedonia

| Година Year | Примени предмети Accepted subjects | Решени предмети Solved subjects | Нерешени предмети Unsolved subjects |
|---|---|---|---|
| 2005 | 19945 | 17954 | 1991 |
| 2006 | 24332 | 22523 | 1809 |
| 2007 | 81835 | 34642 | 47193 |
| 2008 | 109302 | 53748 | 55554 |
| 2009 | 97397 | 49674 | 47723 |
| 2010 | 78959 | 44607 | 34352 |
| Вкупно | 411770 | 223148 | 188622 |

Во Државното правобранителство на Република Македонија за периодот на истражувањето има вкупно примени предмети во работа 411770, од кои вкупно решени се 223148, што значи дека 188622 предмети не се решени. Во процент искажано, решени се 54,192% од примените предмети, а останале нерешени 45,808%.

Напред наведените податоци прикажани се подолу на графикон, на кој може да се забележи односот на вкупниот број на решени предмети во однос на

вкупниот број на примени предмети, по години, во Државното правобранителство на Република Македонија.




**Слика 2. Резултати од споредба од 2005, 2006, 2007, 2008, 2009 и 2010 година во Државното правобранителство на Република Македонија**

**Picture 2. Results in comparison from 2005, 2006, 2007, 2008, 2009 and 2010 of the Public attorney's office of the Republic of Macedonia**

Доколку се спореди процентуално бројот на решените предмети во однос на бројот на примените предмети по години, за Државното правобранителство на Република Македонија се доаѓа до следните резултати:

- за 2005 година процентот е 90,017;
- за 2006 година процентот е 92,565;
- за 2007 година процентот е 42,331;
- за 2008 година процентот е 49,173;
- за 2009 година процентот е 51,001 и
- за 2010 година процентот е 56,493.

За периодот 2005, 2006, 2007, 2008, 2009 и 2010 година во Државното правобранителство на Република Македонија решени се 54,192% од вкупно примените предмети, а останале нерешени 45,808% предмети.

За да ја теститраме нулта хипотезата дека бројот на завршените предмети во Државното правобранителство за подрачје Кочани процентуално не се разликува од бројот на завршените предмети во Државното правобранителство на Република Македонија, ќе го применам Хи-квадрат тестот.

Податоците во табелата бр.3 подолу што се однесуваат за нерешените предмети се добиени како разлика од бројот на вкупно примените предмети и бројот на вкупно решените предмети.

Табела 3. Вкупно нерешени и решени предмети во Државното правобранителство за подрачје Кочани и Државното правобранителство на Република Македонија

Table 3. Total of unsolved and solved subjects in the Public attorney's office for the area of Kocani and the Public attorney's office of the Republic of Macedonia

| Период на истражување<br>Period of research | Нерешени предмети<br>Unsolved subjects | Решени предмети<br>Solved subjects | Примени предмети<br>Accepted subjects |
|---|---|---|---|
| ДП Кочани | 15163 | 17643 | 32806 |
| ДП на РМ | 188622 | 223148 | 411770 |
| Вкупно | 203785 | 240791 | 444576 |

За да се утврди дали се прифаќа или отфрла поставената нулта хипотеза на истражувањето, дека не постојат статистички значајни разлики помеѓу процентуалниот број на решени предмети во Државното правобранителство за подрачје Кочани и процентуалниот број на решени предмети во Државното правобранителство на Република Македонија ќе се примени Хи-квадрат тестот.

Хи-квадрат тестот се пресметува со помош на добиените – пресметаните и очекуваните фрекфенции.

Добиените – пресметаните фреквенции претставуваат збир на нерешените и решените предмети за периодот на истражувањето, посебно за  секоја единица предмет на истражувањето.

Очекуваните фреквенции се добиваат на тој начин што збирот на вкупно нерешените односно збирот на вкупно решените предмети се множи со збирот на вкупно примените предмети во првата единица предмет на истражувањето, па така добиениот број се дели со вкупниот број на примени предмети во двете единици и збирот на вкупно нерешените односно збирот на вкупно решените предмети се множи со збирот на вкупно примените предмети во втората единица предмет на истражувањето, па така добиениот број се дели со вкупниот број на примени предмети во двете единици.

Од добиената и очекуваната фреквенција се добива разлика. Разликата меѓу фреквенциите се квадрира и на крај квадрираната разлика се дели со очекуваните фреквенции. Од збирот на сите четири количници се добива износот на Хи-квадрат тестот.

Табела бр.4. Пресметка на $X^2$ тест
Table no.4 Calculation of $X^2$ test

| ФД | ФО | ФД-ФО | (ФД-ФО)$^2$ | (ФД-ФО)$^2$/ФО |
|---|---|---|---|---|
| 15163 | 15038 | 125 | 15625 | 1,039 |
| 17643 | 17768 | 125 | 15625 | 0,879 |
| 188622 | 188747 | 125 | 15625 | 0,082 |
| 223148 | 223023 | 125 | 15625 | 0,070 |

$X^2$=2,070

Вредноста на добиениот Хи-квадрат тест ($X^2$=2,070) не е голема, што ни укажува дека не постојат статистички значајни разлики помеѓу процентуалниот број на решени предмети во Државното правобранителство за подрачје Кочани и

процентуалниот број на решени предмети во Државното правобранителство на Република Македонија.

Со ова се прифаќа поставената нулта хипотеза на истражувањето.

За да се утврди дали постои голема поврзаност помеѓу хипотезите односно варијабилите на испитувањето, ќе го пресметам С коефициентот на контингенција.

Коефициентот на контингенцијата С ќе го пресметам на следниот начин:

$$C = \sqrt{\frac{x^2}{N + x^2}}$$

$$C = \sqrt{\frac{2.070}{444576 + 2.070}}$$

$$C = \sqrt{\frac{2.070}{444578.070}}$$

**C = 0.0021**

Со пресметување на С коефициентот на контингенција, кој изнесува 0,0021, утврдив дека не постои поврзаност помеѓу хипотезите, односно варијабилите, меѓутоа секоја поединечно има влијание врз ефикасноста на работата на Државното правобранителство.

Доколку за периодот на истражувањето ги споредиме процентот на просечно решените предмети во однос на вкупниот број на примени предмети кои се однесуваат за Државното правобранителство за подрачје Кочани и процентуалниот број на решени предмети во однос на вкупниот број на примени предмети во Државното правобранителство на Република Македонија, се утврдува дека во Државното правобранителство на Република Македонија се решени за 0,412% повеќе предмети.




**Слика 3. Резултат од споредба на процентуален број на решени предмети за периодот на истражувањето во Државното правобранителство за подрачје Кочани и Државното правобранителство на Република Македонија**

**Picture 3. Result from the comparison of a percentage number of solved subjects for the period of research in the Rublic attorney's office for the area of Kocani and the Public attorney's office of the Republic of Macedonia**

За да се утврди дали се прифаќа или се отфрла поставената хипотеза на истражувањето, дека знаењето, способноста, искуството и одговорноста на Државните правобранители влијаат на степенот на ефикасноста на работата на Државното правобранителство изразено преку бројот на решени предмети, ќе се примени Скала на ставови, односно Скала од Ликертов тип.

Во скалата од Ликертов тип искажани се ставовите на државните правобранители за подрачје Кочани и ставовите на 15 државни правобранители на Република Македонија.

На тврдењата дека:

- Искуството стекнато на работно место како правник,
- Познавањето на законските прописи и

- Одговорноста на државните правобранители

влијаат на ефикасноста на работата на Државното правобранителство на Република Македонија, на државните правобранители им беше понудена петостепена скала со можни одговори: "Сосема се сложувам", "Главно се сложувам", "Неодлучен сум", "Главно не се сложувам" и "Воопшто не се сложувам".

Државните правобранители за подрачје Кочани на сите тврдења одговорија со "Сосема се сложувам".

Државните правобранители на Република Македонија на сите тврдења одговорија со "Сосема се сложувам".

Од спроведената анализа на Скалата на ставови односно скалата од Ликертов тип, се утврдува дека не постои разлика во ставовите помеѓу државните правобранители за подрачје Кочани и државните правобранители на Република Македонија и дека се прифаќа поставената хипотеза на истражувањето, дека знаењето, способноста, искуството и одговорноста на Државните правобранители влијаат на степенот на ефикасноста на работата на Државното правобранителство изразено преку бројот на решени предмети.

За да се утврди дали се прифаќаат или се отфрлаат поставените хипотези на истражувањето, дека:

- Висината на средствата предвидени во Буџетот на Република Македонија;

- Бројот на државни правобранители;

- Просторните и техничките услови;

- Платата и надоместоците од плата кои ги примаат Државните правобранители

влијаат на степенот на ефикасноста на работата на Државното правобранителство, се спроведе анкета на државните правобранители за подрачје Кочани и на 15 државни правобранители на Република Македонија.

На државните правобранители им беа поставени 5 прашања поврзани со хипотезите, и тоа:

1. Дали со оглед на зголемениот обем на работа е потребен поголем број на извршители?

2. Дали висината на средствата обезбедени со буџетот се доволни за ефикасно вршење на работата?

3. Дали постојат доволно просторни и технички услови за вршење на работата?

4. Дали просторните и техничките услови влијаат на ефикасноста на работата? и

5. Дали платата и надоместоците од плата кои ги примаат Државните правобранители влијаат на ефикасноста на работата?

На државните правобранители им беа понудени 2 можни одговора на прашањата, и тоа со: "Да" и "Не".

Државните правобранители за подрачје Кочани на 3 прашања, и тоа на прашањата под реден број 1, 4 и 5 одговорија со "Да", а на 2 прашања, и тоа на прашањата под реден број 2 и 3 одговорија со "Не".

Државните правобранители на Република Македонија на 3 прашања, и тоа на прашањата под реден број 1, 4 и 5 одговорија со "Да", а на 2 прашања, и тоа на прашањата под реден број 2 и 3 одговорија со "Не".

Од спроведената анализа на анкетата се утврдува дека не постои разлика во ставовите помеѓу државните правобранители за подрачје Кочани и државните правобранители на Република Македонија и дека се прифаќаат поставените хипотези на истражувањето дека:

- Висината на средствата предвидени во Буџетот на Република Македонија

- Бројот на Државни правобранители

- Просторните и техничките услови и

- Платата и надоместоците од плата кои ги примаат Државните правобранители

влијаат на степенот на ефикасноста на работата на Државното правобранителство.

Од спроведената анализа на содржината на одредбите на Законот за државното правобранителство и закони за државното односно јавното правобранителство на Република Хрватска, Република Србија и Република Словенија се утврдува дека постои разлика, но и сличности помеѓу правобранителствата во организационата поставеност, надлежностите, условите за избор и траењето на мандатите.

Од извршената анализа на содржините на Законот за државното правобранителство и Законот за јавното правобранителство од 1977 година, се утврдува дека постои разлика во поглед на организационата поставеност, надлежностите, условите за избор и траењето на мандатите.

## 13. ЗАКЛУЧОК

Од спроведената анализа на содржината на одредбите на Законот за државното правобранителство и другите позитивни прописи кои беа предмет на обработка во овој труд се издвоени сите активности и постапувања на Државниот правобранител и државните правобранители, што можат да ги преземат согласно со позитивните законски прописи по примањето на конкретен предмет. Активности и постапувања по примањето на конкретен предмет се наведени во поглавјето 9 на овој труд.

Од спроведената анализа на содржината на одредбите на Законот за државното правобранителство и другите позитивни прописи кои беа предмет на

обработка во овој труд се издвоени сите активности и постапувања на Државниот правобранител и државните правобранители во остварувањето на соработката со државни органи. Активности и постапувања во соработката со државните органи се наведени во поглавјето 10 на овој труд.

Од спроведената анализа на содржината на одредбите на Законот за државното правобранителство и другите позитивни прописи кои беа предмет на обработка во овој труд, се издвоени сите активности и постапувања на другите државни органи во остварувањето на соработката со државното правобранителство. Активности и постапувања на државните органи во соработката со Државното правобранителство се наведени во поглавјето 10 на овој труд.

Од досега наведеното може да се заклучи дека по приемот на определен предмет, Државниот правобранител односно државните правобранители преземаат низа дејства и активности за да донесе правилна и законита државноправобранителска одлука, согласно со Законот за државното правобранителство и другите позитивни законски и подзаконски прописи.

Од досега наведеното, како и од резултатите од спроведените анализи може да се заклучи дека Државното правобранителство за подрачје Кочани е ефикасно во извршувањето на работите од својата надлежност исто како и Државното правобранителство на Република Македонија.

Овој заклучок произлегува од вредноста на Хи-квадрат тестот ($X^2$=2,070), која не е голема и која ни укажува дека не постојат статистички значајни разлики помеѓу процентуалниот број на решени предмети во Државното правобранителство за подрачје Кочани и процентуалниот број на решени предмети во Државното правобранителство на Република Македонија. Со ова се прифаќа нултата хипотеза, која укажуваше на тоа дека ефикасноста на работата на Државното правобранителство изразено преку бројот на завршените предмети во Државното правобранителство за подрачје Кочани процентуално не се разликува од бројот на завршените предмети во Државното правобранителство на

Република Македонија. При тоа, имајќи го предвид C коефициентот на контингенција, кој изнесува 0,0021, се утврдува дека не постои поврзаност помеѓу хипотезите, односно индикаторите, меѓутоа секоја поединечно има влијание врз ефикасноста на работата на Државното правобранителство.

Имајќи го предвид бројот на решените предмети и бројот на примените предмети во Државното правобранителство за Кочани за периодот на истражувањето, кој број изразен во проценти за периодот на истражувањето како аритметичка средина изнесува 53,780%, се заклучува дека Државното правобранителство за Кочани има иста ефикасност во однос на Државното правобранителство на Република Македонија, чија аритметичка средина на бројот на решени предмети изнесува 54,192%. При тоа, имајќи го предвид и тоа дека процентот на вкупно решените предмети во Државното правобранителство на Република Македонија е поголем од вкупно решените предмети на Државното правобранителство за подрачје Кочани за 0,412 %. Сето тоа укажува на фактот дека Државното правобранителство за Кочани има иста ефикасност во однос на Државното правобранителство на Република Македонија.

Државното правобранителство за Кочани и покрај тоа што има иста ефикасност како и Државното правобранителство на Република Македонија, во иднина треба да ги презема сите потребни дејства согласно со законските прописи што му стојат на располагање за побрзо решавање на заостанатите предмети и истото во иднина треба да биде поефикасно.

Од досега наведеното, како и од резултатите од спроведените анализи на Скалата на ставови-Ликертов тип, може да се заклучи дека не постои разлика во ставовите помеѓу државните правобранители за подрачје Кочани и државните правобранители на Република Македонија во однос на поставените тврдења во скалата на ставови и дека се прифаќа поставената хипотеза на истражувањето, дека знаењето, способноста, искуството и одговорноста на државните правобранители, влијаат на степенот на ефикасноста на работата на Државното правобранителство изразено преку бројот на решени предмети.

Од досега наведеното, како и од резултатите од спроведените анализи на Анкетата, може да се заклучи дека не постои разлика во ставовите помеѓу државните правобранители за подрачје Кочани и државните правобранители на Република Македонија во однос на поставените прашања во Анкетата и дека се прифаќаат поставените хипотези на истражувањето, односно дека:

- Висината на средствата предвидени во Буџетот на Република Македонија

- Бројот на државни правобранители

- Просторните и техничките услови и

- Платата и надоместоците од плата кои ги примаат државните правобранители, влијаат на степенот на ефикасноста на работата на Државното правобранителство, изразено преку бројот на решени предмети.

Од извршената анализа на содржините на Законот за државното правобранителство и Законот за јавното правобранителство од 1977 година, заклучив дека во поглед на организационата поставеност на државното правобранителство има промени, кои се однесуваат на тоа дека без оглед од кое подрачје потекнува конкретниот предмет, државниот правобранител да го застапува предметот пред сите судови сѐ до неговото правосилно завршување. Законот за јавното правобранителство од 1977 година предвидувал застапување на јавните правобранители за одредено подрачје само пред првостепениот и второстепениот суд, додека застапувањето пред Врховниот суд било во надлежност на Јавното правобранителство на Република Македонија, односно јавниот правобранител на Република Македонија и неговите заменици.

Од извршената анализа на содржините на Законот за државното правобранителство и Законот за јавното правобранителство од 1977 година заклучив дека надлежноста на Државното правобранителство е намалена, бидејќи Државното правобранителство повеќе не е застапник на општините и на другите облици на општествено-политичко организирање и истото не може да застапува предмети врз основа на посебно овластување или заемен договор, туку исклучиво

е надлежен за застапување на државните органи и застапување по основа на закон. Со Законот за државното правобранителство е намалена и самостојноста на Државното правобранителство, бидејќи истото повеќе нема право самостојно да одлучува по предметите, без оглед колкава е нивната вредност.

Од извршената анализа на содржините на Законот за државното правобранителство и Законот за јавното правобранителство од 1977 година, во однос на условите за избор на државните и јавните правобранители и траењето на нивните мандати, заклучив дека условите се различни - пред сè во поглед на работно искуство кое треба да се има за да може да се конкурира, а и во траењето на мандатот. Законот за државно правобранителство  во однос на овие прашања има позитивни решенија бидејќи предвидел поголемо работно искуство и траен мандат, кој влијае на самостојноста во работењето на државните правобранители.

Од извршената анализа на содржините на Законот за државното правобранителство и законите за државните односно јавните правобранителствата на државите кои беа предмет на обработка во овој труд и со примена на компаративниот метод, изведов повеќе заклучоци во однос на сличностите и разликите во поглед на организационата поставеност, надлежностите и другите битни елементи од функционирањето на државното односно јавното правобранителство на Република Македонија и државните односно јавните правобранителства на овие држави.

Во однос на организационата поставеност, заклучив дека Државното правобранителство на Република Македонија има иста односно најслична организациона поставеност со Државното правобранителство на Република Словенија и Јавното правобранителство на Република Србија, а има поинаква организациона поставеност од Државната адвокатура на Република Хрватска. Овој заклучок произлегува од тоа што Државната адвокатура на Република Хрватска е составена од два оддели, и тоа кривичен и граѓански. Кривичниот оддел е всушност Јавното обвинителство на Република Македонија, а граѓанскиот оддел е Државното правобранителство на Република Македонија. Државната

адвокатура на Република Хрватска има и хиерархиска поставеност, односно има организирани три нивоа на постапување од страна на Државната адвокатура, и тоа: Државната адвокатура на Република Хрватска, која презема правни дејствија од своја надлежност заради заштита на Уставот и законитоста пред Уставниот суд презема дејствија од својата надлежност пред Врховниот суд на Република Хрватска, Управниот суд на Република Хрватска, Високиот трговски суд на Република Хрватска, Високиот прекршочен суд на Република Хрватска, меѓународните странски судови и другите тела. Жупанските државни адвокатури ги преземаат своите дејства пред жупанските судови, а општинските државни адвокатури пред општинските судови. За разлика од Државната адвокатура на Република Хрватска, Државното правобранителство на Република Словенија и Републичкото јавно правобранителство на Република Србија имаат иста односно слична поставеност како Државното правобранителство на Република Македонија, бидејќи подрачните единици односно одделенијата ги водат сите предмети кои се во надлежност на Државното односно Јавното правобранителство, кога за водење на првостепената постапка е надлежен суд или друг орган од подрачјето за кое е формирана подрачната единица, односно одделението. Подрачната единица односно одделението ги води предметите во сите фази на постапката сè до нивното правосилно завршување.

Во однос на надлежноста заклучив дека Државното правобранителство на Република Македонија има помала надлежност во однос на Државното правобранителство на Република Словенија, Државната адвокатура во Хрватска и Републичкото јавно правобранителство на Република Србија. Главно се заклучува дека правобранителствата во овие земји имаат и надлежности кои се поврзани со постапувања и пред Уставните судови на тие земји, односно надлежности поврзани и со заштитата на уставноста и законитоста на нивните правни поредоци, како и поголеми надлежности во поглед на заштита на имотните права и интереси на тие држави. Овде пред сè мислам на надлежности поврзани со застапувањето и давањето на правни мислења и на правните лица кои се во претежна државна сопственост, а кои се занимаваат со стопанска дејност, но и надлежностите кои произлегуваат од можности правобранителствата во тие земји

да се јават како застапници и на општините и како застапници по основа на посебни овластувања, кои можности не ги предвидува Законот за државното правобранителство.

Во однос на условите за избор на Државните правобранители и траењето на нивните мандати, заклучив дека во секоја земја тие услови се различни, пред сѐ во поглед на работно искуство кое треба да се стекне за да може да се конкурира, а и траењето на мандатот е различен во секоја земја. Законот за државно правобранителство во однос на овие две прашања има позитивни решенија бидејќи предвидел поголемо работно искуство и траен мандат, со што државните правобранители ги прави посамостојни во својата работа.

Од извршената анализа на содржините на Законот за државното правобранителство и од добиените резултати со примена на статистичките методи, заклучив дека заради подобрување на ефикасноста на Државното правобранителство нужна е измена и дополнување на Законот за државното правобранителство или донесување на нов закон. Во новиот закон ќе треба да бидат вградени одредби со кои Државното правобранителство ќе стане орган кој ќе има овластувања да формира и изразува волја, односно самостојно да носи одлуки во врска со предметите од негова надлежност. Ваквото решение треба да се однесува за спорови во кои вредноста на предметот на спорот е до 1.000.000,00 денари. За споровите во кои вредноста на предметот на спорот е над 1.000.000,00 денари потребно е да остане сегашното законско решение. Ваквиот заклучок се потврдува и со фактот дека предметите кои зависат исклучиво од постапувањето на Државното правобранителство се решаваат многу побрзо отколку предметите кај кои Државното правобранителство зависи од постапувањето на други државни органи.

## 14. ДОДАТОК

| Скала на ставови за ефикасноста на Државното правобранителство<br><br>Пред Вас се наоѓаат неколку тврдења поврзани со ефикасноста во работата на Државното правобранителство. Ваша задача е да го изнесете степенот на Вашето сложување, односно несложување со секое тврдење, т.е. да го обележите со знак X одговорот за секое тврдење во одредена колона. Овде нема точни и неточни одговори, сите одговори се правилни само ако се искрени, односно ако се навистина соодветни на она што го мислиш и чувствуваш. | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Тврдења | Сосема се сложувам | Главно се сложувам | Неодлучен сум | Главно не се сложувам | Воопшто не се сложувам |
| 1.Искуството стекнато на работно место како правник влијае на ефикасноста на ДП | | | | | |
| 2.Познавањето на законските прописи влијае на ефикасноста на ДП | | | | | |
| 3.Одговорноста на државните правобранители влијае на ефикасноста на ДП | | | | | |

А н к е т а

1. Дали со оглед на зголемениот обем на работа е потребен поголем број на извршители?

Да Не

2. Дали висината на средствата обезбедени со Буџетот се доволни за ефикасно вршење на работата?

Да Не

3. Дали постојат доволно просторни и технички услови за вршење на работата?

Да Не

4. Дали просторните и техничките услови влијаат на ефикасноста на работата?

Да Не

5. Дали платата и надоместоците од плата кои ги примаат државните правобранители влијаат на ефикасноста на работата?

Да Не

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈП.бр.03- 4/05
30.12.2005 год.
КОЧАНИ

ДО
ЈАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
С К О П Ј Е

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД
За движење на предметите за 2005 година

| Вид на предмети | Несвршени предмети на почетокот на годината | Примени предмети во работа | Вкупно предмети во работа | Свршени предмети | Несвршени предмети на крајот на годината |
|---|---|---|---|---|---|
| Превентива-Пр | 146 | 68 | 214 | 69 | 145 |
| Парнични-П | 376 | 188 | 564 | 127 | 437 |
| Атхезиони-А | 32 | 6 | 38 | 1 | 37 |
| Извршни-И | 448 | 100 | 548 | 36 | 512 |
| Правни мислења-М | - | 11 | 11 | 11 | - |
| Договори-ДОГ | - | 10 | 10 | 10 | - |
| Организациони-ДП | - | 43 | 43 | 43 | - |
| Управни-У | 13 | 41 | 54 | 46 | 8 |
| Управно-извршни-УИ | - | - | - | - | - |
| Управни за приватизација на градежно земјиште без надомест-УП | - | 487 | 487 | 487 | - |
| Управни за приватизација на градежно земјиште со надомест-УН | - | - | - | - | - |
| Управни за приватизација на градежно земјиште со закуп-УЗ | - | - | - | - | - |
| Денационализација-ДН | 356 | 98 | 454 | 72 | 382 |
| Вонпарнични-ВП | 56 | 4 | 60 | 4 | 56 |
| Разно-Р | 5 | 40 | 45 | 35 | 10 |
| Стечајни-СТ | 198 | 135 | 333 | 159 | 174 |
| Вкупно: | 1630 | 1231 | 2861 | 1100 | 1761 |

Заменик Јавен правобранител
за подрачје Кочани
Јордан Данилов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈП.бр.03- 4/06
29.12.2006 год.
КОЧАНИ

ДО
ЈАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
С К О П Ј Е

СУМАРЕН ПРЕГЛЕД
За движење на предметите за 2006 година

| Вид на предмети | Несвршени предмети на почетокот на годината | Примени предмети во работа | Вкупно предмети во работа | Свршени предмети | Несвршени предмети на крајот на годината |
|---|---|---|---|---|---|
| Превентива-Пр | 145 | 93 | 238 | 39 | 199 |
| Парнични-П | 437 | 160 | 597 | 203 | 394 |
| Атхезиони-А | 37 | 17 | 54 | 2 | 52 |
| Извршни-И | 512 | 48 | 560 | 50 | 510 |
| Правни мислења-М | - | 3 | 3 | 3 | - |
| Договори-ДОГ | - | 4 | 4 | 4 | - |
| Организациони-ДП | - | 43 | 43 | 43 | - |
| Управни-У | 8 | 49 | 57 | 37 | 20 |
| Управно-извршни-УИ | - | - | - | - | - |
| Управни за приватизација на градежно земјиште без надомест-УП | - | 982 | 982 | 981 | 1 |
| Управни за приватизација на градежно земјиште со надомест-УН | - | - | - | - | - |
| Управни за приватизација на градежно земјиште со закуп-УЗ | - | - | - | - | - |
| Денационализација-ДН | 382 | 111 | 493 | 75 | 418 |
| Вонпарнични-ВП | 56 | 12 | 68 | 8 | 60 |
| Разно-Р | 10 | 50 | 60 | 49 | 11 |
| Стечајни-СТ | 174 | 97 | 271 | 135 | 136 |
| Извршно кривични-ИКР | - | 45 | 45 | 6 | 39 |
| Извршно прекршочни-ИПРК | - | 583 | 583 | 1 | 582 |
| Вкупно: | 1761 | 2297 | 4058 | 1636 | 2422 |

Јавен правобранител на Р.Македонија
Оливера Китанова

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДП.бр.03- 11 /07
31.12.2007 год.
КОЧАНИ

ДО
ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
С К О П Ј Е

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД
За движење на предметите за 2007 година

| Вид на предмети | Несвршени предмети на почетокот на годината | Примени предмети во работа | Вкупно предмети во работа | Свршени предмети | Несвршени предмети на крајот на годината |
|---|---|---|---|---|---|
| Превентива-Пр | 199 | 55 | 254 | 26 | 228 |
| Парнични-П | 394 | 175 | 569 | 162 | 407 |
| Атхезиони-А | 52 | 10 | 62 | 4 | 58 |
| Извршни-И | 510 | 8 | 518 | 7 | 511 |
| Правни мислења-М | - | 36 | 36 | 36 | - |
| Договори-ДОГ | - | 4 | 4 | 4 | - |
| Организациони-ДП | - | 60 | 60 | 60 | - |
| Управни-У | 20 | 185 | 205 | 161 | 44 |
| Управно-извршни-УИ | - | - | - | - | - |
| Управни за приватизација на градежно земјиште без надомест-УП | 1 | 1204 | 1205 | 1011 | 194 |
| Управни за приватизација на градежно земјиште со надомест-УН | - | 4 | 4 | 3 | 1 |
| Управни за приватизација на градежно земјиште со закуп-УЗ | - | - | - | - | - |
| Денационализација-ДН | 418 | 92 | 510 | 40 | 470 |
| Вонпарнични-ВП | 60 | 17 | 77 | 7 | 70 |
| Разно-Р | 11 | 27 | 38 | 34 | 4 |
| Стечајни-СТ | 136 | 8 | 144 | 29 | 115 |
| Извршно кривични-ИКР | 39 | 168 | 207 | 207 | - |
| Извршно прекршочни-ИПРК | 582 | 5313 | 5895 | 2348 | 3547 |
| Вкупно: | 2422 | 7366 | 9788 | 4139 | 5649 |

Државен правобранител за Кочани
Сашко Костов

REПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДП.бр.03- 12 /08
31.12.2008 год.
КОЧАНИ

ДО
ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
С К О П Ј Е

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД
За движење на предметите за 2008 година

| Вид на предмети | Несвршени предмети на почетокот на годината | Примени предмети во работа | Вкупно предмети во работа | Свршени предмети | Несвршени предмети на крајот на годината |
|---|---|---|---|---|---|
| Превентива-Пр | 228 | 43 | 271 | 257 | 14 |
| Парнични-П | 407 | 124 | 531 | 180 | 351 |
| Атхезиони-А | 58 | 12 | 70 | 15 | 55 |
| Извршни-И | 511 | 45 | 556 | 12 | 544 |
| Правни мислења-М | - | 38 | 38 | 38 | - |
| Договори-ДОГ | - | - | - | - | - |
| Организациони-ДП | - | 59 | 59 | 59 | - |
| Управни-У | 44 | 331 | 375 | 317 | 58 |
| Управно-извршни-УИ | - | - | - | - | - |
| Управни за приватизација на градежно земјиште без надомест-УП | 194 | 2109 | 2303 | 1905 | 398 |
| Управни за приватизација на градежно земјиште со надомест-УН | 1 | 61 | 62 | 60 | 2 |
| Управни за приватизација на градежно земјиште со закуп-УЗ | - | - | - | - | - |
| Денационализација-ДН | 470 | 371 | 841 | 128 | 713 |
| Вонпарнични-ВП | 70 | 33 | 103 | 18 | 85 |
| Разно-Р | 4 | 34 | 38 | 35 | 3 |
| Стечајни-СТ | 115 | 7 | 122 | 77 | 45 |
| Извршно кривични-ИКР | - | 162 | 162 | 3 | 159 |
| Извршно прекршочни-ИПРК | 3547 | 5942 | 9489 | 592 | 8897 |
| Вкупно: | 5649 | 9371 | 15020 | 3696 | 11324 |

Државен правобранител за Кочани
Сашко Костов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДП.бр.03- 08/09
31.12.2009 год.
КОЧАНИ

ДО
ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
С К О П Ј Е

# СУМАРЕН ПРЕГЛЕД
За движење на предметите за 2009 година

| Вид на предмети | Несвршени предмети на почетокот на годината | Примени предмети во работа | Вкупно предмети во работа | Свршени предмети | Несвршени предмети на крајот на годината |
|---|---|---|---|---|---|
| Превентива-Пр | 14 | 29 | 43 | 18 | 25 |
| Парнични-П | 351 | 133 | 484 | 170 | 314 |
| Атхезиони-А | 55 | 14 | 69 | 9 | 60 |
| Извршни-И | 544 | 40 | 584 | 404 | 180 |
| Правни мислења-М | - | 130 | 130 | 121 | 9 |
| Договори-ДОГ | - | 26 | 26 | 26 | - |
| Организациони-ДП | - | 46 | 46 | 46 | - |
| Управни-У | 58 | 67 | 125 | 32 | 93 |
| Управно-извршни-УИ | - | - | - | - | - |
| Управни за приватизација на градежно земјиште без надомест-УП | 398 | 1732 | 2130 | 1704 | 426 |
| Управни за приватизација на градежно земјиште со надомест-УН | 2 | 337 | 339 | 314 | 25 |
| Управни за приватизација на градежно земјиште со закуп-УЗ | - | - | - | - | - |
| Денационализација-ДН | 713 | 32 | 745 | 113 | 632 |
| Вонпарнични-ВП | 85 | 42 | 127 | 29 | 98 |
| Разно-Р | 3 | 8 | 11 | 11 | - |
| Стечајни-СТ | 45 | 3 | 48 | - | 48 |
| Извршно кривични-ИКР | 159 | 230 | 389 | 13 | 376 |
| Извршно прекршочни-ИПРК | 8897 | 3910 | 12807 | 818 | 11989 |
| Вкупно: | 11324 | 6779 | 18103 | 3828 | 14275 |

Државен правобранител за Кочани
Сашко Костов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДП.бр.03- 07/10
31.12.2010 год.
КОЧАНИ

ДО
ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
С К О П Ј Е

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД
За движење на предметите за 2010 година

| Вид на предмети | Несвршени предмети на почетокот на годината | Примени предмети во работа | Вкупно предмети во работа | Свршени предмети | Несвршени предмети на крајот на годината |
|---|---|---|---|---|---|
| Превентива-Пр | 25 | 36 | 61 | 44 | 17 |
| Парнични-П | 314 | 624 | 938 | 241 | 697 |
| Атхезиони-А | 60 | 16 | 76 | 9 | 67 |
| Извршни-И | 180 | 23 | 203 | 4 | 199 |
| Правни мислења-М | 9 | 1965 | 1974 | 1134 | 840 |
| Договори-ДОГ | - | 31 | 31 | 31 | - |
| Организациони-ДП | - | 37 | 37 | 37 | - |
| Управни-У | 93 | 127 | 220 | 97 | 123 |
| Управно-извршни-УИ | - | - | - | - | - |
| Управни за приватизација на градежно земјиште без надомест-УП | 426 | - | 426 | 99 | 327 |
| Управни за приватизација на градежно земјиште со надомест-УН | 25 | - | 25 | 8 | 17 |
| Управни за приватизација на градежно земјиште со закуп-УЗ | - | - | - | - | - |
| Денационализација-ДН | 632 | 14 | 646 | 38 | 608 |
| Вонпарнични-ВП | 98 | 73 | 172 | 35 | 137 |
| Разно-Р | - | 17 | 17 | 15 | 2 |
| Стечајни-СТ | 48 | 7 | 55 | 1 | 54 |
| Извршно кривични-ИКР | 376 | 283 | 659 | 43 | 616 |
| Извршно прекршочни-ИПРК | 11989 | 2509 | 14498 | 1408 | 13090 |
| Вкупно: | 14275 | 5762 | 20038 | 3244 | 16794 |

Државен правобранител за Кочани
Сашко Костов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

# СУМАРЕН ПРЕГЛЕД
## За движење на предметите за 2005 година
## за сите подрачја каде што се врши јавно-правобранителската функција

| Вид на предмети | Несвршени предмети на почетокот на годината | Примени предмети во работа | Вкупно предмети во работа | Свршени предмети | Несвршени предмети на крајот на годината |
|---|---|---|---|---|---|
| Превентива-Пр | 1134 | 928 | 2062 | 1032 | 1030 |
| Парнични-П | 7484 | 2826 | 10310 | 3022 | 7288 |
| Атхезиони-А | 267 | 206 | 473 | 119 | 354 |
| Извршни-И | 3191 | 1426 | 4617 | 1424 | 3193 |
| Правни мислења-М | 279 | 821 | 1100 | 777 | 323 |
| Договори-ДОГ | 333 | 161 | 494 | 200 | 294 |
| Организациони-ДП | 25 | 1422 | 1447 | 1420 | 27 |
| Управни-У | 1552 | 2120 | 3672 | 2032 | 1640 |
| Управно-извршни-УИ | 79 | 15 | 94 | 5 | 89 |
| Управни за приватизација на градежно земјиште без надомест-УП | - | 3383 | 3383 | 2899 | 484 |
| Управни за приватизација на градежно земјиште со надомест-УН | - | 214 | 214 | 125 | 89 |
| Управни за приватизација на градежно земјиште со закуп-УЗ | - | - | - | - | - |
| Денационализација-ДН | 6941 | 1751 | 8692 | 1926 | 6766 |
| Вонпарнични-ВП | 473 | 253 | 726 | 185 | 541 |
| Разно-Р | 474 | 945 | 1419 | 965 | 454 |
| Стечајни-СТ | 5149 | 3474 | 8623 | 1823 | 6800 |
| Вкупно: | 27381 | 19945 | 47326 | 17954 | 29372 |

Извештајот го изготвил
Самостоен референт
Љупчо Маневски

Јавен правобранител на Република Македонија
Зоја Лега Станојевска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

# СУМАРЕН ПРЕГЛЕД
## За движење на предметите за 2006 година
## за сите подрачја каде што се врши јавно-правобранителската функција

| Вид на предмети | Несвршени предмети на почетокот на годината | Примени предмети во работа | Вкупно предмети во работа | Свршени предмети | Несвршени предмети на крајот на годината |
|---|---|---|---|---|---|
| Превентива-Пр | 1030 | 673 | 1703 | 617 | 1086 |
| Парнични-П | 7288 | 2605 | 9893 | 3164 | 6729 |
| Атхезиони-А | 354 | 182 | 536 | 104 | 432 |
| Извршни-И | 3193 | 1019 | 4212 | 1140 | 3072 |
| Правни мислења-М | 323 | 780 | 1103 | 674 | 429 |
| Договори-ДОГ | 294 | 135 | 429 | 159 | 270 |
| Организациони-ДП | 27 | 1827 | 1854 | 1786 | 68 |
| Управни-У | 1640 | 3597 | 5237 | 2947 | 2292 |
| Управно-извршни-УИ | 89 | 41 | 130 | 26 | 104 |
| Управни за приватизација на градежно земјиште без надомест-УП | 484 | 6317 | 6801 | 5782 | 1019 |
| Управни за приватизација на градежно земјиште со надомест-УН | 89 | 215 | 304 | 68 | 236 |
| Управни за приватизација на градежно земјиште со закуп-УЗ | - | - | - | - | - |
| Денационализација-ДН | 6766 | 1441 | 8207 | 1454 | 6753 |
| Вонпарнични-ВП | 541 | 278 | 819 | 287 | 532 |
| Разно-Р | 454 | 1108 | 1562 | 1105 | 457 |
| Стечајни-СТ | 6800 | 636 | 7436 | 3119 | 4317 |
| Извршно кривични-ИКР | - | 1751 | 1751 | 82 | 1669 |
| Извршно прекршочни-ИПРК | - | 1727 | 1727 | 11 | 1716 |
| Вкупно: | 29372 | 24332 | 53704 | 22523 | 31181 |

Извештајот го изготвил
Самостоен референт
Љупчо Маневски

Јавен правобранител на Република Македонија
Оливера Китанова

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

# СУМАРЕН ПРЕГЛЕД
## За движење на предметите за 2007 година
## за сите подрачја каде што се врши државно-правобранителската функција

| Вид на предметите | Несвршени предмети на почетокот на годината | Примени предмети во работа | Вкупно предмети во работа | Свршени предмети | Несвршени предмети на крајот на годината |
|---|---|---|---|---|---|
| Превентива-Пр | 1086 | 698 | 1784 | 713 | 1071 |
| Парнични-П | 6729 | 2520 | 9249 | 2230 | 7019 |
| Атхезиони-А | 432 | 206 | 638 | 196 | 442 |
| Извршни-И | 3072 | 1007 | 4079 | 388 | 3691 |
| Правни мислења-М | 429 | 662 | 1091 | 613 | 478 |
| Договори-ДОГ | 270 | 174 | 444 | 139 | 305 |
| Организациони-ДП | 68 | 2486 | 2554 | 2540 | 14 |
| Управни-У | 2292 | 8895 | 11187 | 7750 | 3437 |
| Управно-извршни-УИ | 104 | - | 104 | 20 | 84 |
| Управни за приватизација на градежно земјиште без надомест-УП | 1019 | 10529 | 11548 | 9239 | 2309 |
| Управни за приватизација на градежно земјиште со надомест-УН | 236 | 522 | 758 | 423 | 335 |
| Управни за приватизација на градежно земјиште со закуп-УЗ | - | - | - | - | - |
| Денационализација-ДН | 6753 | 1814 | 8567 | 1186 | 7381 |
| Вонпарнични-ВП | 532 | 246 | 778 | 205 | 573 |
| Разно-Р | 457 | 1257 | 1714 | 1448 | 266 |
| Стечајни-СТ | 4317 | 347 | 4664 | 1099 | 3565 |
| Извршно кривични-ИКР | 1669 | 5659 | 7328 | 727 | 6601 |
| Извршно прекршочни-ИПРК | 1716 | 44813 | 46529 | 5726 | 40803 |
| Вкупно: | 31181 | 81835 | 113016 | 34642 | 78374 |

Извештајот го изготвил
Самостоен референт
Љупчо Маневски

Државен правобранител на Република Македонија
Оливера Китанова

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД
За движење на предметите за 2008 година
за сите подрачја каде што се врши државно-правобранителската функција

| Вид на предмети | Несвршени предмети на почетокот на годината | Примени предмети во работа | Вкупно предмети во работа | Свршени предмети | Несвршени предмети на крајот на годината |
|---|---|---|---|---|---|
| Превентива-Пр | 1071 | 545 | 1616 | 868 | 748 |
| Парнични-П | 7019 | 2412 | 9431 | 2631 | 6800 |
| Атхезиони-А | 442 | 296 | 738 | 121 | 617 |
| Извршни-И | 3691 | 832 | 4523 | 523 | 4000 |
| Правни мислења-М | 478 | 883 | 1361 | 882 | 479 |
| Договори-ДОГ | 305 | 175 | 480 | 201 | 279 |
| Организациони-ДП | 14 | 2438 | 2452 | 2436 | 16 |
| Управни-У | 3437 | 15564 | 19001 | 14605 | 4396 |
| Управно-извршни-УИ | 84 | 533 | 617 | 87 | 530 |
| Управни за приватизација на градежно земјиште без надомест-УП | 2309 | 12195 | 14504 | 10539 | 3965 |
| Управни за приватизација на градежно земјиште со надомест-УН | 335 | 2002 | 2337 | 1853 | 484 |
| Управни за приватизација на градежно земјиште со закуп-УЗ | - | - | - | - | - |
| Денационализација-ДН | 7381 | 6631 | 14012 | 4439 | 9573 |
| Вонпарнични-ВП | 573 | 342 | 915 | 263 | 652 |
| Разно-Р | 266 | 1342 | 1608 | 1329 | 279 |
| Стечајни-СТ | 3565 | 260 | 3825 | 617 | 3208 |
| Извршно кривични-ИКР | 6601 | 5165 | 11766 | 1113 | 10653 |
| Извршно прекршочни-ИПРК | 40803 | 57685 | 98488 | 11240 | 87248 |
| Пристап до информации-ПИ | - | 2 | 2 | 2 | |
| Вкупно: | 78374 | 109302 | 187676 | 53748 | 133927 |

Извештајот го изготвил
Самостоен референт
Љупчо Маневски

Државен правобранител на Република Македонија
Оливера Китанова

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД
За движење на предметите за 2009 година
за сите подрачја каде што се врши државно-правобранителската функција

| Вид на предмети | Несвршени предмети на почетокот на годината | Примени предмети во работа | Вкупно предмети во работа | Свршени предмети | Несвршени предмети на крајот на годината |
|---|---|---|---|---|---|
| Превентива-Пр | 748 | 901 | 1649 | 732 | 917 |
| Парнични-П | 6800 | 2680 | 9480 | 1917 | 7563 |
| Атхезиони-А | 617 | 344 | 961 | 169 | 792 |
| Извршни-И | 4000 | 817 | 4817 | 903 | 3914 |
| Правни мислења-М | 479 | 1536 | 2015 | 1112 | 903 |
| Договори-ДОГ | 279 | 128 | 407 | 140 | 267 |
| Организациони-ДП | 16 | 1966 | 1982 | 1964 | 18 |
| Управни-У | 4396 | 3823 | 8219 | 3492 | 4727 |
| Управно-извршни-УИ | 530 | 1693 | 2223 | 384 | 1839 |
| Управни за приватизација на градежно земјиште без надомест-УП | 3965 | 14693 | 18658 | 14237 | 4421 |
| Управни за приватизација на градежно земјиште со надомест-УН | 484 | 3477 | 3961 | 2921 | 1040 |
| Управни за приватизација на градежно земјиште со закуп-УЗ | - | - | - | - | - |
| Денационализација-ДН | 9573 | 4589 | 14162 | 4602 | 9560 |
| Вонпарнични-ВП | 652 | 410 | 1062 | 277 | 785 |
| Разно-Р | 279 | 1450 | 1729 | 1412 | 317 |
| Стечајни-СТ | 3208 | 331 | 3539 | 154 | 3385 |
| Извршно кривични-ИКР | 10653 | 6382 | 17035 | 1197 | 15838 |
| Извршно прекршочни-ИПРК | 87248 | 52168 | 139416 | 14052 | 125364 |
| Пристап до информации-ПИ | | 9 | 9 | 9 | - |
| Вкупно: | 133927 | 97397 | 231324 | 49674 | 181650 |

Извештајот го изготвил
Самостоен референт
Љупчо Маневски

Државен правобранител на Република Македонија
Оливера Китанова

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

# СУМАРЕН ПРЕГЛЕД

## За движење на предметите за 2010 година
## за сите подрачја каде што се врши државно-правобранителската функција

| Вид на предмети | Несвршени предмети на почетокот на годината | Примени предмети во работа | Вкупно предмети во работа | Свршени предмети | Несвршени предмети на крајот на годината |
|---|---|---|---|---|---|
| Превентива-Пр | 917 | 603 | 1520 | 425 | 1095 |
| Парнични-П | 7563 | 4402 | 11965 | 3192 | 8773 |
| Атхезиони-А | 792 | 213 | 1005 | 144 | 861 |
| Извршни-И | 3914 | 897 | 4811 | 711 | 4100 |
| Правни мислења-М | 903 | 22073 | 22976 | 15709 | 7267 |
| Договори-ДОГ | 267 | 259 | 526 | 245 | 281 |
| Организациони-ДП | 18 | 2144 | 2162 | 2069 | 93 |
| Управни-У | 4727 | 3557 | 8284 | 2177 | 6107 |
| Управно-извршни-УИ | 1839 | 408 | 2247 | 493 | 1754 |
| Управни за приватизација на градежно земјиште без надомест-УП | 4421 | - | 4421 | 1246 | 3175 |
| Управни за приватизација на градежно земјиште со надомест-УН | 1040 | - | 1040 | 142 | 898 |
| Управни за приватизација на градежно земјиште со закуп-УЗ | - | - | - | - | - |
| Денационализација-ДН | 9560 | 689 | 10249 | 1723 | 8526 |
| Вонпарнични-ВП | 785 | 471 | 1256 | 390 | 866 |
| Разно-Р | 317 | 1823 | 2140 | 1784 | 356 |
| Стечајни-СТ | 3385 | 559 | 3944 | 366 | 3578 |
| Извршно кривични-ИКР | 15838 | 4765 | 20603 | 1269 | 19334 |
| Извршно прекршочни-ИПРК | 125364 | 36085 | 161449 | 12512 | 148937 |
| Пристап до информации-ПИ | - | 11 | 11 | 10 | 1 |
| Вкупно: | 181650 | 78959 | 260609 | 44607 | 216002 |

Извештајот го изготвил
Самостоен референт
Љупчо Маневски

Државен правобранител на Република Македонија
Оливера Китанова

## 15. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Ангелоска-Галевска,Н. (2008), Планирање на научно истражување, Скопје, Институт за педагогија

2. Алексоски,С.(2009), Криминологија

3. Мојаноски,Ц. (2006), Неавторизирани предавања по предметот статисика

4. Пеливанов,Т.(2002), Методологија на правните и политичките истражувања, Скопје, НИП Студенски збор

5. Стојчев,В. (2004), Методологија на воените науки, Скопје

6. Устав на Република Македонија (1991), Службен весник на Република Македонија, бр.52/1991

7. Закон за вонпарнична постапка (2008), Службен весник на Република Македонија, бр.9/2008

8. Закон за денационализација (1998), Службен весник на Република Македонија, бр.20/1998

9. Закон за измена и дополнување на Законот за денационализација (2000), Службен весник на Република Македонија, бр.31/2000

10. Закон за денационализација – пречистен текст (2000), Службен весник на Република Македонија, бр.43/2000

11. Закон за измена и дополнување на Законот за денационализација (2003), Службен весник на Република Македонија, бр.42/2003

12. Закон за измена и дополнување на Законот за денационализација (2007), Службен весник на Република Македонија, бр.44/2007

13. Закон за државното правобранителсто (2007), Службен весник на Република Македонија, бр.87/200762. Закон за експропријација (1995), Службен весник на Република Македонија, бр.33/95

14. Закон за дополнување на Законот за експропријација (2005), Службен весник на Република Македонија, бр.46/2005

15. Закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација (2008), Службен весник на Република Македонија, бр.10/2008

16. Закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација (2008), Службен весник на Република Македонија, бр.106/2008

17. Закон за извршување (2005), Службен весник на Република Македонија, бр.35/2005

18. Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување (2006), Службен весник на Република Македонија, бр.50/2006

19. Закон за дополнување на Законот за извршување (2006), Службен весник на Република Македонија, бр.129/2006

20. Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување (2008), Службен весник на Република Македонија, бр.8/2008

21. Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување (2009), Службен весник на Република Македонија, бр.83/2009

22. Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување (2010), Службен весник на Република Македонија, бр.50/2010

23. Закон за изменување на Законот за извршување (2010), Службен весник на Република Македонија, бр.83/2010

24. Закон за изменување на Законот за извршување (2010), Службен весник на Република Македонија, бр.88/2010

25. Закон за јавното правобранителство (1997), Службен весник на Република Македонија, бр.47/1997

26. Закон за јавното правобранителство (1977), Службен весник на Социјалистичка Република Македонија, бр.9/1977

27. Закон за јавното правобранителство (1966), Службен весник на Социјалистичка Република Македонија, бр.19/1966

28. Закон за јавното правобранителство (1965), Службен лист на СФРЈ, бр.15/1965

29. Закон за јавното правобранителство (1955), Службен лист на СФРЈ, бр.51/1955

30. Закон за јавното правобранителство (1952), Службен лист на СФРЈ, бр.24/1952

31. Закон за земјоделско земјиште (2007), Службен весник на Република Македонија, бр.135/2007

32. Закон за изменување и дополнување на законот за земјоделското земјиште (2011), Службен весник на Република Македонија, бр.18/2011

33. Закон за нотарјат (2007), Службен весник на Република Македонија, бр.55/2007

34. Закон за измена и дополнување на Законот за нотарјат (2008), Службен весник на Република Македонија, бр.86/2008

35. Закон за измена и дополнување на Законот за нотарјат (2009), Службен весник на Република Македонија, бр.139/2009

36. Закон за личните доходи и другите надоместоци на пратениците во собранието на СРМ и другите избрани и именувани лица во Републиката (1990), Службен весник на Република Македонија, бр.36/1990

37. Закон за изменување на законот за личните доходи и другите надоместоци на пратениците во собранието на Република Македонија и другите

избрани и именувани лица во Републиката (1991), Службен весник на Република Македонија, бр.38/1991

38. Закон за изменување на законот за личните доходи и другите надоместоци на пратениците во собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката (1991), Службен весник на Република Македонија, бр.38/1991

39. Закон за изменување на законот за личните доходи и другите надоместоци на пратениците во собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката (1997), Службен весник на Република Македонија, бр.23/1997

40. Закон за изменување на законот за плата и другите надоместоци на пратениците во собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката (2005), Службен весник на Република Македонија, бр.37/2005

41. Закон за изменување на законот за плата и другите надоместоци на пратениците во собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката (2005), Службен весник на Република Македонија, бр.84/2005

42. Закон за дополнување на законот за плата и другите надоместоци на пратениците во собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката (2007), Службен весник на Република Македонија, бр.127/2005

43. Закон за изменување на законот за плата и другите надоместоци на пратениците во собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката (2008), Службен весник на Република Македонија, бр.161/2008

44. Закон за изменување и дополнување на законот за плата и другите надоместоци на пратениците во собранието на Република Македонија и другите

избрани и именувани лица во Републиката (2009), Службен весник на Република Македонија, бр.92/2009

45. Закон за изменување и дополнување на законот за плата и другите надоместоци на пратениците во собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката (2010), Службен весник на Република Македонија, бр.42/2010

46. Закон за изменување и дополнување на законот за плата и другите надоместоци на пратениците во собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката (2010), Службен весник на Република Македонија, бр.97/2010

47. Закон за парнична постапка (2005), Службен весник на Република Македонија, бр.79/2005

48. Закон за изменување и дополнување на Законот за парнична постапка (2008), Службен весник на Република Македонија, бр.110/2008

49. Закон за изменување и дополнување на Законот за парнична постапка (2010), Службен весник на Република Македонија, бр.116 /2010

50. Законот за сопственост и други стварни права (2001), Службен весник на Република Македонија, бр.18/2001

51. Законот за изменување и дополнување на Законот за сопственост и други стварни права (2008), Службен весник на Република Македонија, бр.92/2008

52. Законот за изменување и дополнување на Законот за сопственост и други стварни права (2009), Службен весник на Република Македонија, бр.139/2009

53. Законот за дополнување на Законот за сопственост и други стварни права (2010), Службен весник на Република Македонија, бр.35/2010

54. Закон за општа управна постапка (2005), Службен весник на Република Македонија, бр.38/2005

55. Закон за измена и дополнување на Законот за општа управна постапка (2008), Службен весник на Република Македонија, бр.110/2008

56. Закон за управни спорови (2006), Службен весник на Република Македонија, бр.62/2006

57. Закон за измена и дополнување на Законот за управни спорови (2010), Службен весник на Република Македонија, бр.150/2010

58. Закон за изменување и дополнување на законот за управата за јавни приходи (2010), Службен весник на Република Македонија, бр.145/2010

59. Закон за изменување и дополнување на законот за даночна постапка (2010), Службен весник на Република Македонија, бр.145/2010

60. Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост (2005), Службен весник на Република Македонија, бр.4/2005

61. Закон за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост (2007), Службен весник на Република Македонија, бр.13/2007

62. Закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост (2008), Службен весник на Република Македонија, бр.165/2008

63. Закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост (2009), Службен весник на Република Македонија, бр.146/2009

64. Закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост (2011), Службен весник на Република Македонија, бр.18/2011

65. Уредба за спроведување на постапката за денационализација (1998), Службен весник на Република Македонија, бр.35/1998

66. Уредба за начинот и постапката за утврдување на вредноста на имотот кој е предмет на денационализација (1998), Службен весник на Република Македонија, бр.35/1998

67. Одлука на Владата на Република Македонија (2008), Службен весник на Република Македонија, бр.3/2008

68. Државно правобранителство на Република Македонија (2011). Преземено 15 февруари 2011 г. http://www.dprm.gov.mk

69. Државна адвокатура на Република Хрватска (2011). Преземено 15 февруари 2011 г. http://www.dorh.hr.

70. Јавно правобранителство на Република Србија (2011). Преземено 15 февруари 2011 г. http://www.rjp.gov.rs.

71. Државно правобранителство на Република Словенија (2011). Преземено 15 февруари 2011 г. http://www.dp-rs.si

**Сашко Костов**

**Ефикасност на државното правобранителство**

**Универзитет "Гоце Делчев" – Штип**